## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Четиринаесеттото продолжение на Деведесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 февруари 2008 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,42 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија, господин Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците кои се уште не влегле во салата на Собранието да влезат во салата за да можеме да почнеме со работа.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Во салата нема кворум за да се почне со работа)

Ги молам пратениците што се во Собранието да влезат во салата за да почнеме со работа. Запишани се во списокот 82 пратеника.

Ги молам службите уште еднаш да достават точен број на присутни пратеници.

(Во 12,16 часот се создаде кворум за работа)

Продолжуваме со работа по Деведесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Борис Кондарко, Лазар Китановски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Благородна Цветковска, Фијат Цаноски, Гоце Марковски, Љубчо Георгиевски, Тито Петковски, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Али Ахмети, Рафиз Алити и Горан Мисовски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата присуствуваат 61 пратеник.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**Точка 1 - Предлог на закон за високото образование.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Претресот по амандманот на член 54 став 1 за менување на алинејата 9, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадулии е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повиккувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, за гласале 9, воздржано 1, против 46.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 54 став 1, за менување на алинеја 9, поднесен од пратеникот Славица Грковска и амандманот на член 54 став 1 за менување на алинеја 9, поднесен од пратениците Ѓорѓи Оровчанец и Марјан Додовски се со иста содржина. Предлагам по овие амандмани да водиме единствен претрес, а гласањето да го извршиме за секој од нив посебно.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 46 пратеници, за гласале 40, воздржано нема, против 6.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 54 став 1, за менување на алинеја 9, поднесен од пратеникот Славица Грковска и по амандманот на жлен 54 став 1 за менување на алинеја 9, поднесен од пратениците Ѓорѓи Оровчанец и Марјан Додовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука Сулејман Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

За збор се пријави госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Со овој амандман предлагам членот 54 став 1, алинеја 9, да се измени и да гласи дека ректорот го потврдува изборот на декан односно директор и нив ги разрешува согласно со статутот на Универзитетот. Сметам дека ова е едно од решенијата кои ќе овозможат некаква контролна функција на ректорот и врз начинот на кој треба да се изврши изборот на деканите и на директорите на високо образовните институции, заради тоа што веќе ги кажавме сите аргументи дека ректорот, доколку остане непроменета и оваа функција на ректорот, ќе дојдеме во ситуација ректорот да биде недопирлива личност без никаква контрола и на тој начин практично ќе се осуетат сите желби на вработените во високо образовните институции за тоа кој треба да биде декан или директор на институцијата. Сметам дека ваквото решение е многу поправедно и овозможува подобро функционирање на високообразовните институции од една страна, а од друга страна ќе придонесе за подобрување на меѓучовечките односи внатре во институциите, заради тоа што нема да се доведат во ситуација да имаат наметнати решенија кои не се поддржани од мнозинството вработени во високо образовните институции.

Со оглед на тоа што дека нема никаков интерес да се сослушаме во салата, за жал, за вакви значајни прашања од областа на високото образование, тука ќе завршам со моето образложение, претседателе. Се надевам дека ваквата незаинтересираност на парламентарното мнозинство ќе биде оценета од страна на гласачите заради тоа што нивна е одговорноста каков закон за високо образование ќе излезе, меѓу другото, од ова Собрание. Благодарам.

(Укажување од пратеници дека не работи системот)

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Ако име дефект, ќе се отстрани дефектот. Не треба да се возбудуваме, тоа е техника. Кажете господине дали може? (Да)

Еве, сега веднаш ќе провериме. Сега за сега нема проблем.

Вие Шамбовски се јавивте за збор? (Не).

Значи, не е добар системот, ве молам, отстранете го дефектот.

Да видиме што е со системот.

Додека чекаме да се поправи системот, дали има некој што се пријавува за збор? (Не)

Ако нема, бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманите.

Амандманот на член 54 став 1 за менување на алинеја 9, поднесен од пратеникот Славица Грковска го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, за гласале 10, воздржани нема, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 54 став 1 за менување на алинејата 9, поднсен од пратениците Ѓорѓи Оровчанец и Марјан Додовски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, за гласале 6, воздржано нема, против 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 56 став 3, поднесен од пратенците Тале Герамитчиоски и Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Сулејман Рушити.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

За збор се јави госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, ова е дел од групата амандмани кои ги поднесовме на барање на Младинскиот образовен форум, а со кој се предлага решение кое ќе овозможи бројот на студентите во ректорската управа да се определи со закон а не со статут на Универзитетот. Ова од причина што сметаме дека е подобро законски да се одреди ваквата бројка бидејќи со статутот на Универзитетот може да има влијание и различни интереси во утврдување на бројката на студенти кои ќе партиципираат и ќе бидат дел од ректорската управа на универзитетите, а ние имаме обврска како држава да го озакониме и да го обезбедиме учеството на студентите во органите на управување на униврзитетот. Заради тоа сметаме дека овој амандман треба да се прифати заради тоа што ќе овозможи поголема партиципација на студентите во ректорската управа и на тој начин да се зголеми бројот и нивното влијание при донесувањето на одлуките. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, за гласале 10, воздржано нема, против 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 56 за додавање нов став 4 по ставот 3, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Рушити.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

За збор се јави госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Ова е уште еден амандман со кој се предлага да се определи бројот на студентите во ректорската управа. Станува збор за две варијанти на решенија од причини што сметавме дека ако едната не е прифатлива, тогаш другата би била поприфатлива од Владата. За жал, тоа не е случај и со овој амандман. Останува на парламентарното мнозинство да одлучи дали на ваков начин со поддршка на овој амандман ќе опстои на обврските кои Република Македонија ги преземала и ќе излезе во пресрет на 11 илјади студенти што бараат поголемо учество на студентите во ректорската управа и во органите на управување на универзитетот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Гледам дека системот пак не работи.

Господин Трајко Вељановски, вие се пријавивте за збор? (Не).

Тука добивам информација дека треба да дадам прекин од пет минути за ресетирање на системот. Ја прифаќам таа сугестија и давам пет минути пауза.

(Паузата започна во 12,28 часот)

(По паузата)

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикува пратениците да влезат во салата. Петте минути поминаа, дефектот е отстранет.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата да продолжиме со работа.

Ги молам службите да доставаат точен број на присутни пратеници во салата.

Продолжуваме со седницата.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници, за гласале 5, воздржани нема, против 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 57 за менување на алинеа 2 и за додавање нова алинеа 3, по алинеата, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Рушити.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

За збор се јави госпоѓа Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници.

Амандманот го предложив со цел, подготвувањето на предлог на конкурсот за запишување на додипломски студии да биде во надлежност на ректорската управа, која исто така, сметам дека треба да одлучува за финансиските и материјалните прашања кои не се во надлежност на Сенатот и на неко начин ќе има поголема одговорност, која што ќе ја симне уникатната улога која му се дава на ректорот, да биде надлежен на сите прашања што се и за управување на универзитетите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, за гласале 3, воздржани нема, против 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 57 алинеа 7, поднесен од пратеникот Фијат Цаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Рушити.

**Сулејман Рушити:** Амандманот  се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот. Според тоа, текстот на овој амандман станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 59, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Рушити.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

За збор се јави госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Колешки и колеги пратеници, со овој амандман многу попрецизно се дефинираат надлежностите на Универзитетскиот совет кој се појавува како ново тело на Универзитетот.

Сметам дека ова решение е многу подобро, имајќи го предвид фактот дека за ваквото решение дискутиравме пред неколку месеци, кога текстот на законот во втора фаза веќе беше предложен и беше разгледуван во собраниските тела и на јавната расправа. Заради тоа сметам дека, имајќи предвид дека станува збор за ново тело на Универзитетот, би требало да има попрецизни решенија, за да нема двосмисленост, околу неговата улога и околу неговото место во рамките на Универзитетот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, за гласале 7, воздржани нема, против 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање пет нови членови: 59-а, 59-б, 59-в, 59-г и 59-д по членот 59, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Рушити.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

За збор се јави госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Со амандманот се предлага да се додадат пет нови члена, кои што го регулираат формирањето на студенски парламент, надлжностите на студенскиот парламент, начинот на избори за студенски парламент, финансирање и управување со средствата на студенскиот парламент и надзор на материјланото и финансиското работење на студенскиот парламент.

Значи, се уредува формирањето, структурата и надлежностите на студенскиот парламент, кој што сметаме се формира согласно закон и на овој начин со неколку членови во законот, заради тоа што студентите и нивното учество во управувањето ги има само во еден член во законот, тоа е во членот 156, кој што воопшто не е прецизно дефиниран и се добива впечаток дека овој член е ставен само како проформа да се каже дека Република Македонија ја исполнува

обврската која ја преземала да го зголеми учеството на студентите во управувањето во Универзитетот.

Јас дискутирав за ова подолго и за претходните амандмани. Ние имаме барање или петиција од 11 илјади студенти кои стојат зад ваквите решенија во законот, меѓутоа, за жал, власта нема слух да им излезе во пресрет, заради тоа што ваквото организирање на студентите ќе им овозможи подобро нивно функционирање и подобро нивно вклучување во управувањето на Универзитетот. Меѓутоа, исто така ќе се смени досегашниот систем на претставување на студентите кои што, мислам дека ќе се согласиме сите, не беше имун ниту на партиски влијанија, ниту пак на внатрешни конфротации внатре во студенската организација, туку напротив, ќе придонесе за поголем број на студенски организации, кои многу подобор ќе ги претставуваат барањата и интересите на студентите на факултетите и универзитетите. Се надевам дека парламентарното мнозинство ќе го подржи овој амандман, ќе го подржи формирањето на студенски парламент и со тоа ќе покаже дека она што го зборуваше ВМРО-ДПМНЕ додека беше во опозиција не било само маркетиншки трик, туку напротив искрена заложба за подобрување на статусот на студентите и за подобрување на начинот на нивно организирање. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 47 пратеници, за гласале 6, воздржани нема, против 41.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 62 за менување на став 8, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Рушити.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

За збор се јави господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот го повлекувам.

**Љубиша Георгиевски:** Овој амандман е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 63 став 1 за менување на алинејата 3, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Рушити.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван претседателе, почитуван министер, колеги пратеници,

Ова е последна прилика да направиме нешто позитивно во зачувување на демократските принципи на избор на органи на управување на Универзитетот. Се надевам дека ќе имате разбирање.

Значи, прво, на ректорот му се даде овластување да избира и разрешува декани, односно директори на високите стручни школи.

Во членот 63, каде што е дефинирана надлежноста на Наставно научниот совет пишува, утврдува еден или повеќе кандидати за декан, односно директор и му ги доставува на ректорот на Универзитетот. Ние предлагаме со амандманот, утврдува еден кандидат за декан, односно директор со тајно гласање и му го доставува на ректорот на Универзитетот за потврдување.

Почитуван министер, верувајте ако и 10% имате намера да зачувате демократија во Универзитетот, треба ова да го прифатите. Кажете ми во оној член на законот во кој што му се остави на ректорот да врши избор. Каде е облигаторноста тој да ја почитува волјата на Наставно научниот совет. Никаде нема такво нешто. Дајте барем сега, ако ништо повеќе, направете една маска на демократија, во која што на Наставно научниот совет ќе му го дадете правото со тајно изјаснување, со тајно гласање да си одбере еден кандидат, за кој што сметаат дека во наредниот период добро ќе ги координира работите и ќе го води факултетот во развој. И на извесен начин, не е гаранција, но на извесен начин да му се стави на ректорот на знаење дека сепак, мнозинството на наставниот кадар стои зад една личност и тогаш ректорот иако нема облигаторно право, обврска, бидејќи не го усвоивте тој амандман, ректорот ќе изврши избор во кој што и немора да ја почитува волјата не на еден кандидат, дури и неколку кандидати да ги исфрли во листа, како што предлагате. Наставно научнот совет ќе си избере по своја волја. Но, овде друго е, ако со тајно гласање и се даде подршка на една личност. Тогаш ректорот, навистина, ќе се соочи со дилемата дали да се спротистави на волјата на мнозинството кое што со тајно гласање му дало мандат да биде кандидат на еден од нивните редови. Јас не знам кое е логичното објаснување зошто тоа да не се прифати. Зошто? Еве нема ништо, ректорот нема законска обврска и да го прифати. Ама дајте прилика Наставно научниот совет да ја искаже својата волја. Па, не станува збор за обични работници. Ако навистина не сакате ни малку, минимален исчекор да направите напред, не може со ништо да ме убедите дека навистина,

немате намера политизација да воведувате во високото образование. Не постои ни еден логичен, ниту разумен одговор зошто ова да не се прифати. Па целата демократска постапка почива врз основа на тајност на изјаснување. Ние се бираме на тој начин. Сите институции, органи на управување кои што ги бира Собранието почиваат на тој принцип. Зошто да не се дозволи Наставно научниот совет барем да изгради некој принцип во кој што ќе каже еве на ректорот ние му предлагаме личност. Се надевам дека ќе ме удостоите на еден одговор. Зошто не се прифаќа. Кога разговаравме рековте дека има некои граници кои што не може тоа да се прифати, друг е концептот. Што смета ова на вашиот концепт. Се плашите од Наставно научниот совет на еден факултет? Нема логично објаснување зошто ова не би се прифатило. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Сега збор има господин Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Претседателе, почитуван министре,

Ќе се обидеме и денеска со аргументи, министре, да ве убедиме да направиме исчекор во приближување на ставовите, и ако упорно вие сте закопан во својот ров и не сакате да разговараме сериозно, беше провокацијата и од колегата Тале Герамитчиоски околу начинот на кој, условно речено, ќе треба да функционира било кој од универзитетите, за што истакнуваме дека имаме јавен интерес да се шират, не само поради Болоњскиот процес, не само поради приближувањето на Република Македонија кон Европската унија.

Ние сме доследни кон она што го говоревме и минатата недела. Основано е нашето сомневање дека со начинот на кој ќе биде избран ректорот и со неговите ингеренции да ги бира деканите, ако немаме ваква одбрана од самоволието, од волонтаризмот, од партизацијата што ви тврдам дека ќе биде евидентна и вие рековте, чекате уште Совет на Европа да видите каков ќе биде одгласот од овој нов закон што е евидентно дека докрајов на неделава ќе го донесеме, јас сметам дека и Уставниот суд ќе треба да го каже својот последен збор. Затоа што отворено ние ќе се залагаме и веројатно ќе бидеме едни од потписниците кои ќе тврдат дека со овие законски решенија всушност вие го кршите законското начело за автономија на Универзитетот.

Но, бидејки е веќе извесно дека имаме законско решение што остава простор некој партиски апаратчек или некој, како што реков јас, фрустриран “високо-образован” кадар да застане на чело на некој од универзитетите во Република Македонија, ние се обидуваме сега, кога веќе не можеме да ја одбраниме, таму каде има сила очигледно нема правда и правичност, се обидуваме да ја одбраниме автономијата на факултетите. Затоа што е евидентно, во кулуарите веќе на големо се говори се тријат рацете, се прават разно-разни листи кој и во каква процедура ќе треба да дојде на масата на ректорот, за да тој, спротивно на волјата на мнозинството од наставно-научниот совет, да речеме дали е на Паравниот факултет, на Економскиот или на било кој друг, некој кој е фаворит на власта што го контролиа, според овие решенија ректорот, да тој има можност, независно од волјата на наставно-научниот совет го избере оној кандидат што најмногу одговара на политиката што актуелната власт ја промовира во високото образование.

Значи,идеата е да направиме една јасна дистинкција што значи набележување на кандидати, што значи утврдување,не мешајки се во изборо, што во краен случај, според она што претходно е веќе усвоенокако норма, завршниот, последниот збор ќе го има ректорот.

Зошто на ректорот да не му направиме една рамка од која не ќе може да бега лево или десно. Затоа што веќе на големо се шпекулира кои ќе бидат, условно речено, кандидатите за декан на Правниот факултет , на Економскиот факултет, на Електротехничкиот факултет, на Машинскиот факултет, на Медицинскиот, Филозовскиот, Филилошкиот, тие што сметате дека треба да бидат под раката на актуелната власт и на новопрогласениот ректор. Говорам за еден од државните универзитети. Не знам какви се плановите на другите факултети, но очигледно е дек, ако се остави слобода на наставно-научниот совет тој да го утврди кандидатот, ќе се доведеме во ситуација да отпаднат дел од стравувањата за што говоревме минатата недела.

Тогаш ќе не убедите дека немате намера да донесете ректор, кој, условно речено, според списокот ќе ги именува сите декани. Потоа е јасно, со нов список и во коалиција со така избраните декани ќе почне “сечата” на наставниците и соработниците кои не свират по тоновите, по мелодиите што ги компонира оваа власт.

Затоа министре, иако велите дека разговараме за различни концепти, овој амандман што го даваат коелгите Герамитчиоски и Макрадули сметаме дека се обидува да направи дополнителна заштита. Но, од друга страна, да го зголеми и вашиот арсенал на аргументи дека актуелната власт и вие, како прв човек на Министерството за образование и наука немате намера да го партизирате високото образование.

Ако е тоа вашата појдовна основа во изградбата на овој концепт, дајте да разговараме во што е проблемот ако на овој начин наставно-научниот совет добие побитна улога, пред се во делот на тоа кој ќе биде прв човек.

Мора да бидете свесни за последиците, ако тоа не го регулираме овде, да оставиме тоа да се прави во статутите, дека секогаш ќе биде, условно речено, оставена можноста да некој од кандидатите, еве да речеме Тале Герамитчиоски, кој е омилен меѓу колегите и ги исполнува сите услови, да добие две третини од гласовите на

колективот, некој да има 5 или 6 гласа, а третиот, да речеме вие министре, сакате да се самокандидирате и тројцата, условно речено, ќе ја поминат процедурата и ќе дојдат на масата на ректорот.

Ректорот нема никакво ограничување. Сите ќе бидат според насловните звања, според наставничките звања, веројатно од редот на редовните професори и вонредни професори, но волјата на колективнот ќе биде јасно изразена преку тајното изјаснување на наставно-научниот совет за што ние говоревме. Иако и тука веќе има многу, ви велам многу задкулисни игри и подготвување на теренот.

Тоа се случува и на мојот Матичен факултет. Се злоупотребуваат студентските гласови. Се знае дека во секој од наставно-научните совети, кај нас има 4 гласови Студентската организација, веќе беше направен еден упад. Се тврди дека ВМРО-ДПМНЕ веќе обезбеди 4 гласа во наставно-научниот совет. Се создава атмосфера што обејктивно не можеме да ви ја пренесеме вам овде, во оваа сала.

Објективно, партиските кујни , една машинерија за која очигледно овде не знаат и колегите, имаше една искрена и добра реакција од помладиот колега Спасеноски , се обидовме да најдеме некој компромис, не беше прифатливо за мнозинството.

Реално, дел од луѓето кои се фрустрирани и кои сакаат нешто да направат на Универзитетот не се овие колеги овде од ВМРО-ДПМНЕ. Мислам дека, како за многу работи штоне знаат што се случува во државата, за жал не знаат и за намерите на поединци, на овој начин да стават рака на автономијата на Универзитетот и, вокраен случај, да го партизираат.

За тоа сакавме да проговориме со вас со аргументи, затоа се обидуваме и од вас да извлечеме барем еден амандман што ќе дои во насока на рушење на сомнежот дека се готви едно сценарио за кое што, за жал, ако не дојде до промена на власта, ќе биде свесна Република Македонија дека ќе се реализира до крајот на годината. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господин Цветко Грозданов.

Повелете имате реплика три минути.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Повеќе понесен од она што господинот Бучковски во последното негово размислување околу случувањата или неслучувањата, господине Бучковски ќе ви кажам само ние сепак нешто знаеме што се случува во државата.

Но зажал, кога вие сте биле на првото место и сте биле премиер, не сте знаеле што ви се случува вам во Владата. Овој лист (го покажува листот) ако има потреба подоцна ќе ви го залепам на столбот на срамот таму, што покажува име и презиме на одредена личност што е родена 9.11.1974 година, а дипломирала на 16.12.2004 година, со констатација од едно жалење за нејзиното дипломирање на 30-ет годишна возраст, се прима во истражувачка дејнсот, поточно во научна иснтитуција, со просек 6,6.

Господине Бучковски, на овој лист постои уште еден лист захефтан и што кажува дека вашиот тогашен министер Азис Положани вели:

“Со поглед на изнесеното ви укажуваме дека е потребно веднаш, во согласност со Законот за наставно истражувачка дејност и вашите акти да ја отпочнете постапката за вработување, со препорака времетраењето на конкурсот да биде три дена”

Дали господине Бучковски вие знаевте што ви се случува во Владата? Дали зборуваме за една институција, Хидробиолошки завод, што е истражувачка институција, во која што вработувавте личности со 6,6 и со едно долгогодишно искуство, сигурно една од најучените, реков после 30 години старост да дипломира на Факултетот по хемија, насока научна, значи настава, со што би напомнал дека на ваков начин ниту го подобрувавме истражувањето во Хидробиолошкио тзавод, ниту придонесовме да овие лица кои се примаа како стручни соработници кои требаа понатаму задолжително да магистрираат и да докторираат, со просек од 6,6 би можеле да магистрираат и докторираат? Дали во тој момент не гледавме на она што се вика квалитет, или господине Бучковски ова претставуваше чиста партизација на научните институции? Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете со својата контра реплика господине Бучковски, една минута.

**Владо Бучковски:** Почитуван коелга Цветко,

Ова апсолутно нема врска со амандманот, но може да разговараме.

Посредно оди воприлог на тоа ние што говориме дека треба да има поголема автономија на наставно-научниот совет. Инаку за деталите не знам. Колегата Положани ќе дојде Ќе го прашате дали за соодветна и правична застапност дал некому придонес. Дајте ми го тоа, ќе го споредиме дали и магистар Никола Груевски со просек 6,13 на Прилепскиот Универзитет може, според критериумите, да брани магистратура? Ќе ги ставиме овде и ќе видиме дали е тоа соодветна и правична застапеност.

(Пратеникот Цветко Грозданов му го предава листот на пратеникот Владо Бучковски).

Како што верувам ќе говориме и за вас и за вашиот напор. Не знам, вие бевте талентиран магистрант, дали магистриравте...

**Цветко Грозданов:** (Од место) не, сеуште не сум.

**Владо Бучковски:** Сеуште не сте. Ќе го имате мојот глас овде во Парламентот ако правиме нешто посериозно за физичката култура.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господин Оровчанец Ѓорѓи, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Господин Цветко грозданов ја дефокусиравте јавноста. Тоа е во делот на автономијата и злоупотреба во автономијата на Универзитетот. Не е прашање на Владата организацијата на Универзитеот и на факултетите.

Меѓу другото, во овој период се испопримија доктори со просек 6, колку да знаете и да имате информации, што е исто така лошо.

Според тоа, против ваква појава секогаш ќе застанам против,како што било и тогаш, како што се случува и сега. Меѓутоа, сега зборуваме за еден сосема друг феномен, а тој феномен се вика игнорирање на демократијата во Република Македонија, партизација по секоја цена и водење на кадровска политика во секоја сфера на живеењето во Република Македонија, вклучувајќи и на Универзитетот.

Јас се прашувам со вакво законскор ешение зошто да иамем наставно-научниот совет? Која е функцијата на тој наставно-научниот совет? Зошто е набројано овде во Законот? Или тоа што е суштината?

За да ви биде појасно, а мислам дека треба да ви биде, ова што сега како законско решение го имаме е дисквалификација на наставно-научниот совет. Наставно-научниот совет е највисокото тело на секој факултет. А, вие го дисквалификувате. Истиот принцип на девалвирање на демократијата во друштвото што се случува, се случува и сега во сферата на автономијата на образованието.

Како пример, за овие две години го девалвиравме Собранието неверојатно. За да биде девалвацијата потешка, да предложиме Деловник во Собранието што ќе биде пандам на ова решение што се нуди за Универзитетот. Овде имаме 120 пратеници и тоа е Собранието, а тоа е и наставно-научниот совет на секој факултет. И сега, овде, да не се прави избор на претседател на Собранието господинот Љубиша Георгиевски, туку Претседателот на државата Бранко Црвенковски да го именува Трајко Вељаноски или Бесим Догани или не знам кого, секој е рамноправен. Меѓутоа, го именува. Не го избира ова Собрание претседателот на Собранието. И тоа е страшната разлика. Во квалифиакцијата и дисквалификацијата на функциите.

Кои ќе бидат последиците? Последиците ќе бидат што ќе имате декан избран од ректорот, поставен визави наставно-научниот совет кој, еве за Медицинскиот факултет претставува 250 луѓе. И, што ќе се добие со ова? Тие 250 луѓе ќе бидат во старт конфронтирани со декатот на Медицинскиот факултет. Веднаш во старт. Можеби ќе има некои кои ќе бидат за него. Но тие ќе бидат делегирани или исканализирани попартиска логика или по партиска обработка да го слушаат тој декан. Инаку нема да има никаква функција. Меѓутоа, некои одлукив о функцијата на наставно-научниот совет се носат со две третини, како и овде што се носат некои работи со двотретиснко мнозинство и јас ви гарантирам, ништо нема да помине на тоа.

Што ќе добиеме понатаму? Дојдовме во ситуација Владата да го именува, па макар и странец, мислам од друг субјект, ректорот. Ректорот си поставува свој декан и сега деканот ќе прави комисии за избор, за реизбор и ќе имаме канализиран по сосема други норми што не се академски функционирање на факултетите и на самиот Универзитет.

Со други зборови ќе имате производство на наставници или дисквалифиакција на наставници по сосема друга линија, а не по оние критериуми што постојат. Мислам дека ова може да биде и загрижувачко.

Се надевам дека оваа загриженост што ја изнесувам ќе ја сфатите сите и еден од овие амандмани што тука го обработуваат ова поле, дали е конкретно овој амандман или некој од следните амандмани, меѓутоа ако имаат иста цел, а тоа е да ректорот го потврди на некој начин изборот на деканот. А, изборот на деканот да остане автентично право на наставно-научниот совет со тајно гласање.

Какопример, на Медицинскиот факултет имаше избор на декан. Двата кандидати не добија доволно гласови да бидат избрани или да се влезе во втор круг. Постапката се повтори со нови кандидати. Па, во два круга се дојде до еден кандидат за кој се гласаше и се доби двотретинско мнозинство, односно се доби апсолутна вреднсот на гласови за легитимитет на лицето што е пртходно избрано за декан и денеска е декан на Медицинскиот факултет.

Кој легитимитет ќе го има во однос на наставно-научниот совет лице кое ќе биде поставено од ректорот? Никаков.

Ова решение, почнувајки од изборот на ректор па надолу, како оди е практично еден систем што сака да направи систем на владеење по субординарни односи на Универзитетот и дефинитивно, нема никаква врска ниту со автономија, ниту со демократија, ниту со образование.

Ова е принцип според кој ќе го изгубиме квалитетот, ќе имаме конфронтации што се неминовни и нема да имаме прогрес во образованието. Освен што ќе иамме принцип на хиерархија и владеење кое, како што можеме да видиме ќе биде принцип на стравовладение, а не почитување и респект на прави норми, правила и критериуми.

Затоа, ве замолувам да и вие не се откажете од правото да го изберете претседателот на Собранието, така и да не го отакжеме правото на наставниците во наставно-научните совети да го изберат својот декан, кој најдобро ќе ги репрезентира ставовите во ректоратот, во ректорската управа и т.н.

Значи, изборот да биде задржан на ниво, со тајно гласање на наставно-научниот совет, а ректорот да го потврдува и разрешува деканот врз база на

статуот на Универзитетот и факултетот. Мислам дека на тој начин ќе можеме, колку-толку д ај аурамнотежиме оваа работа што ни се случува во овој момент. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господин Цветко Грозданов.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Јас ќе напомнам, можеби мојот претходен говор беше малку дефокусирачки од она што беше точката на дневниот ред, поточно амандманот. Но, ќе напомнам дека она што беше изнесувано од страна на претходните говорници беше исто така можеби дефокусирано во смисла на она што е политизација и добивање на одредени маркетиншки поени од страна на електоратот.

Ќе напомнам само дека со овој член 63, став 3, добро е кажано дека утврдува еден, или повеќе кандидати за декан, односно директор и му го доставува на ректорот на Универзитетот. Но, зошто сметам дека е добро решено и дека решението е позитивно? Пред се наставно научниот совет и наставничкиот совет можат да понудат доколку се сигурни во квалитетот и еден кандидат кој што ректорот на Универзитетот ќе го прифати, или ќе го верификува мандатот на декан на факултетот. Но, исто така, може да доведе и до она што е конкурентноста помеѓу професорите кои што се наоѓаат на тој факултет и дека може да продуцираат појава значи на квалитет, ослободување од стравот, или фобијата дека одредени меѓучовечки односи кои што се на факкултетот доколку почнат лобирањата би биле нарушени. Тогаш, наставно научниот совет и наставничкиот совет при факултетот може да дозволи овој квалитет кој што ќе се понуди од два, три, или повеќе кандидати да остави на еден човек, поточно на ректорот да изврши избор на декан при факултетот. Досега сме сведоци на многубројни поделби во факултетот како можност за лобирање од страна на еден кандидат,или други кандидати. Така што меѓучовечките односи кои што беа на факултетите беа во голема мерка и нарушени. Со овој начин на избор на деканот на факултетот, сметам дека би се подобриле меѓучовечките односи, затоа што лобирањето нема да оди до онаа крајна мерка, ако не си за мене, значи дека си против мене. Наставно научниот совет, или наставничкиот совет има можност да ги допушти и двајцата кандидати, или три кандидати во зависност од степенот на квалитетот кој што се појавува на самиот факултет. Од тука и она што беше тајното гласање кое што и до сега беше како процес значи предвидувано, не вродуваше со плод, затоа што не секогаш оние кои што јавно немаа да се декларираат дека ќе застанат зад еден одреден кандидат, ќе беа против самиот избор на тој кандидат за да подоцна во она што е работењето на факултетот ги трпи и последиците од она што бил за одреден друг кандидат кој што сметал дека претставува и поголем квалитет. На овој начин и на ваков начин одговорноста ја презема една личност, а тоа е ректорот на универзитетот во кој што директно деканот на факултетот одговара за неговата успешност, или неуспешност. Но, исто така, и ректорот на Универзитетот пред Сенатот одговара за лошиот избор на деканот кој што го извршил на дадениот факултет. Затоа сметам дека овој член треба да остане. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван претседателе, чувствував потреба да го дообјаснам предлогот на амандманот. По се изгледа дека не е јасно после сите овие искажувања, какво лобирање, какво застанување зад луѓе. Тајно е гласањето, изборот е таен. Никој нема да знае кој зад кого застанал, кој за кого гласал. Ако овој амандман не се прифати, тогаш ќе употребам многу груб збор, професорите со дигнитет ги претворате во зомби. Значи, потполно им го нарушувате дигнитетот и правото да избираат. Значи, уставното право кое што е дадено кај индивидуата да бира и да биде биран е потполно нарушено. Подобро да не сте ставеле воопшто никаква одредба дека нешто се избира од страна на наставно научниот совет, отколку да ги употребувате овие фарси. Ќе ви кажам еден пример кој што се случи во ваше време и упорно не сакате да го дадете записникот кој што просветниот инспекторат на Универзитетот Св. Климент Охридски во Битола го утврдил во случајот со високата Медицинска школа и се шпекулира дека вице премиерот го искинал. Ако е тоа точно, треба да го соопштите, или да го дадедте еднаш на пратеничко прашање каде што е поставено, да го дадете на увид тој записник, или тој записник повеќе не постои? Значи, ректорот по стариот закон не го спречувало да си го прекрши, го разреши дирктороот на Високата медицинска школа, во рок од 6 месеци наставно научниот совет на Високата медицинска школа си спроведе постапка согласно со законот. Со тајно гласање си избраа кандидат за директор. Ректорот не сака да го уважи нивното мислење и си постави свој кандидат. Мислите дека тоа ги подобри меѓучовечките односи на високата медицинска школа? Ги влоши. Пишуваа петиции, упорно го креваа гласот, организираа прес конференции, трибини. На што личи тоа? Едноставно луѓето се чувствуваа немоќни пред волјата на еден човек. Со ова му давате право на еден човек не со својот авторитет да наметне само решенија како што ви се чини, туку да предизвикува дополнителни конфликти во средините каде што ќе делува. Факултетите ќе се претворат во претпријатија на кои што ќе им се наметнува стечаен управник од страна на судија. Нема прилика да се изјаснат, ниту да се почитува нивната волја. Еден аргумент не слушнав, за да навистина кажеме отворено, погрешивме, се ќе биде коректно, се ќе биде во ред, се ќе биде добро. Досегашната пракса покажуваше дека навистина се случуваат лоши работи, а во

иднина законски ќе дадете рамка тие работи да се озаконат.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика господинот Павле Трајанов.

**Павле Трајанов:** Значи, се сложувам дека наставно научниот совет треба да има слобода и тој да го избира деканот, или доминантно да биде мислењето. Но, пратеникот Герамитчиоски кажа дека со овој закон професорите ќе се претворат во зомби итн. Мислам дека пред се професорите, универзитетските професори на сите универзитети дека беа исклучително, да речеме недозволиво пасивни околу тоа да изградат свои ставови и коментари, да се заложат за самостојноста на универзитетите во целина, а сигурно дека и факултетите бидејќи и тие ја губат самостојноста, пред се финансиска, па ја губат и можноста да бираат свои декани итн. Но, мене ме зачудува, значи од оваа фела зошто до сега низ јавната расправа апсолутно не го слушнавме нејзиниот глас, аргументите, бидејќи има коментари, или согледувања, оценки дека на овој начин се организирани скоро сите универзитети во земјите членки на Европската унија. Мене лично ми недостасуваат такви прецизни податоци каква е самостојноста, пред се врзана за изборот на ректорот, околу финансиската самостојност, дали факултетите акко имаат дополнителни приходи самостојно ќе располагаат со нив, па се до изборот на декан. Инаку, јас сум за членовите на наставно научниот совет, значи професорите, тие да имаат доминантно влијание кој ќе управува со соодветната високо образовна институција.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван колега, јас низ оваа три неделна расправа се обидов со конкретни примери од минатото да укажам на аномалите и недостатоците кои што се пројавуваат при имплементација на постојните законски решенија. И кажав дека со овие законски решенија уште повеќе ќе се заострат таквите негативни примери, зошто не интервенираат, или не се јавуваат професорите. Па јас ви кажав преку примери, организираа тркалезни маси, прес конференции, повикуваа просветен инспекторат, тие едноставно имаат чувство дека на сила е онаа стара поговорка: кадија те тужи, кадија те суди. Едноставно ако некој може да искине записник на просветен инспекторат не се уважува, каде уште ќе се жалат? А ректорските управи не се жалат на овие законски решенија, бидејќи ќе мислат дека ќе бидат вечити и дека им се даваат поголеми права во управувањето.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

И со овој член од Законот за високо образование концептот кој што е форсиран претежно од ВМРО ДПМНЕ, тука ДПА и останатите се само декор во Владата конкретно за овој закон, го потврдува оној концепт за кој што говориме повеќе од една недела, а тоа е дека се склапаат коцките како да се направи, дали политички, дали бизнис, дали личен, но во сите ситуации упад и за контролирање на Универзитетот претежно во оваа ситуација Св. Кирил и Методиј. И овој член е консеквентен на оној концепт кој што од почетокот се промовираше. Се овозможи барем во овој момент ректорот да биде и некој што е од надвор. Сега ректорот ќе има право не само да го заобиколува системот кој што до сега го контролираше, туку и да има извршно влијание во именувањето и потврдувањето, со други зборови на деканите, односно на директорите. И апсолутно колегата Павле Трајанов бара компаративни искуства. И тоа е добро. Јас не верувам дека министерот ќе може да ни даде пример од Европа кој што ќе го потврди ова правило. Да не ги мешаме американските универзитети и колеџи со оние кои што се во Европската унија. И впрочем ние овде усогласуваме процес согласно Болоњскиот процес, многу малку имплементираме една директива од страна на Европската унија. И барајте ги примерите во Европа, нема да ги најдете. Треба за потсетување, ако веќе некој не го знае системот на избор на декани, да се каже дека наставно научниот совет е највисокиот орган на факултетот и тој се конституира по структура, тој ги опфаќа сите редовни, вонредни професори, сите доценти и се избираат претставици од делот на асистентите и од делот на студентите. Значи, тој преставува најмасивен, најброен, најрепрезентативен орган кој што носи одлуки за многу работи меѓу другото и за избор на декан, односно за првиот човек, а подоцна и за продекани и за секретар итн., за управа на факултетот. Значи, на овој состав му се дадени огромни права, но во исто време и огромни обврски. И не гледам причина барем до сега не сум сретнал таква ситуација да се обидуваме, т.е. да се обидувате да му ги анулирате ингеренциите на наставно научниот совет и да ги трансферирате во едно лице кое што ќе треба да одлучува за деканите не на една, туку на сите членки на Универзитетот. И тоа на сите, тој систем да го аплицирате на сите државни универзитети. И притоа во таа ситуација треба да се каже дека и системот на избор на декани е доволно демократизиран и објективен да на факултетите не смее да има помалку од еден кандидат за избор на декан. Тоа е правило кое што е инсталирано на факултетите. Ако има еден кандидат, не може да се спроведе избор. Тоа покажува дека самите факултети определиле механизми за да имаат и избор и на крај тој избор да го направат на најобјективен начин, како што доликува на една академска институција. И сега, не хипотетички, во практични ситуации можеме да го дожиееме следново. Кандидати за декан на Економскиот факултет се двајца, на пример, и еден самокандидиран кој што се вика Трајко Славески. Составот на наставно научниот совет, членовите на наставно научниот совет гласаат, победува еден. Ректорот кој што ќе треба да биде

џелатот условно и не да го потврдува, туку да го враќа назад избраниот декан, може слободно да рече, ако е тој можеби од екипата на Жан Митрев и да рече, се извинувам, дајте ми ги сите кандидати меѓу кои што победникот, вториот по гласови и третиот по гласови. И ќе рече, по логиката на бранителот на законот Цветко Грозданов кој што веројатно само тој има добиено од Шамбевски текст за бранење, изгледа другите не го добиле, да рече: заради наводно меѓучовечките односи, јас ви го враќам Трајко Славески, бидејќи проценувам дека тој е менаџер. Земете го овој пример како сосема ирелевантен и измислен. Можеме да ги смениме имињата и да разговараме за било кој и на било кое место. Значи, го давам како хипотетички случај. Тоа значи дека на тој со таа одредба од Законот не била почитувана одлуката на наставно научнот совет која што е донесена на тајно гласање и во демократска процедура, му даваме дискреционо право на еден човек кој што може и да не дојде од редот на универзитетот, да биде некој од надвор. И на крајот на краиштата да направиме ситуација за упад на конкретниот факултет икс од страна на човекот кој што ќе ја обавува ректорската функција. Вакви примери делумно спомена колегата Герамитчиоски кои што во овој момент се прават. Мене ми е јасна матрицата. Ние имавме ситуација министер за образование да разреши ректор. За тоа доби интерпелација во ова Собрание. И после се чудиме зошто му се дава можност на ректорот да разрешува, или да не прима, да не ја потврди одлуката која што ќе му ја даде наставно научниот совет. Во таква ситуација, ако веќе сте до крај убедени да направите класичен упад во универзитетот, избришете го наставно-научниот совет, дајте ги плановите да ги определува Министерството за образование и наука, дајте ги избирањата на наставно научниот кадар да го прави министерот за образование. Нема да има потреба, ќе ставите некој секретар на факултетот кој што само ќе ги потпишува неои од техничите налози. На овој начин вие дефакто ја укинувате смислата на наставно научниот совет. Нема потреба тој да постои, кога сето она што значи менаџирање, раководење и одлучување во име на факултетот на најдобар можен начин до сега, му го давате на ректорот. Меѓутоа, не е само оваа измена. Треба да ја гледаме како дел од комплексот на измени кои што веќе ги направивте со претходните амандмани и непопусто ние разговараме повеќе од две ипол недели за овој закон. Да беше сеедо и да беа минорни измените кои што ги правите, можеби ќе се повлечевме. Но, апсолутно не е така, затоа што се гледа смислата на сите овие предлози. На крајот на краиштата треба да го смените и концептот за составување на наставно научниот совет кој што се определува на начин на кој што говорев претходно. Нема потреба да постои. Министерот за образование ќе поминува еднаш месечно на факултетите, ќе ја контролира целата работа, финансиски ќе им се прибираат средствата, деканот ќе им го избира ректорот, програмите ќе ги утврдува ректорот заедно со Министерството за образование и наука и тука заврши целата приказна. И на крај ќе испадне дека приватните универзитети биле подемократски и поавтономни од државните. Бог да чува и да брани. На крај таков концепт ќе донесете што апсолутно не може да биде прифатливо. И апсолутно не можам да се согласам со леснотијата со која што се сака овој закон да се сведе на обичен закон за кој што апсолутно никој дури не ни пројавува интерес од страна на владеачкото мнозинство. Јас знам дека не ги интересира. Јас знам дека дури им е и страно да разговараат за државниот универзитет Св. Кирил и Методиј. Им штрчи, ги боли, ги боде, како вистината. Ама никој не може нив да ги амнестира од одговорноста. Пак ќе повторам, како потврда на матрицата во овој момент се пакуваат дел од лекарската фела да го предложи Жан Митрев како кандидат за Лекарска комора, како што Сашо Митрев, неговиот брат веројатно учествувал во предлагањето на овој концепт, бидејќи ваквото однесување на ректорот дефакто, а не де јуре веќе се случува на државниот универзитет Гоце Делчев во Штип.

Тоа делумно го прави Сашо Митрев во Штип и ако отиде Просветната инспекција и ако е доволно објективна и ослободена од стравот, ќе го констатира. Веројатно и тој учествувал во овој предлог кој што само го потпишал министерот за образование Рушити и заменикот министер Лазаров и јас не верувам дека тие двајца веруваат во ова, но, веројатно екипата на ВМРО-ДПМНЕ која што е позната по високообразовни кадри и тука ќе застанам со иронијата, го надгласала дури и разумното крило во Владата на Република Македонија и ни предлага ваков Закон за високо образование во кој што дури и човек кој не е на универзитетот или воопшто не ни размислува да биде на универзитетот ќе констатира дека апсолутно е против универзитетот. Господинот Павле Трајанов постави логично прашање зошто дел од професорската фела не реагира можеби на вакви решенија и тоа прашање можеби ќе биде одговорено во следниот период, можеби не. Но, апсолутно тоа не значи дека треба да биде на сила невистината или небулозата што ја “стартавте” на самиот почеток, а тоа е дека сте добиле согласност од универзитетот и од факултетите за овој закон. Тоа не е точно. Тоа не е точно.

Господине Рушити ако мислите дека е точно излезете јавно со оние кои што го сочинуваат универзитетот како менаџерски тим во овој момент, па кога ќе слушнеме дека тоа јавно ќе го потвдат ќе поверуваме и ние. До тогаш апсолутно не можете да ме убедите мене ниту моите колеги. Тоа покажува дека во носењето на овој закон, за кој што морам да потестам дека имавме една верзија, беше дадена па повлечена, имавме една верзија предфинална, па видоизменета драстично на седницата на Влада, за да ја добиеме сега и во овие три недели да имаме

повеќе од 100 амандмана покажува дека во оној дел од образованието кој што треба да биде круна на претходниот систем на образованието т.е. високото образование, вие апсолутно не само што не експериментирате, вие многу јавно и транспарентно покажувате дека сакате да го уништите, на тој начин што единствената цел ќе ви биде како дел од политичките помладоци на партиите на власт ќе ги вработите и ништо повеќе или како дел од професорите заради притисок од разно разен тип и карактер ќе ги направите членови на ВМРО-ДПМНЕ. Јас во тоа сум убеден дека нема да успеете, можеби ќе успеете да го донесете овој текст на законот, ама ви гарантираме дека тој под итно многу наскоро, бидејќи смената на власта ќе се очекува многу скоро на следните предвремени избори, ќе биде сменет овој законски текст. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Овде одредувам прекин од еден час за ручек.

Продолжуваме во 15.00 часот.

(Пауза од 14.00 до 15,37 часот)

Продолжуваме со попладневниот дел на седницата.

За реплики на говорот на пратеникот Игор Ивановски се пријавени: Цветко Грозданов, Марија Секуловска и Марија Андоновска, а господинот Положани за збор.

Почнуваме со господинот Цветко Грозданов, повелете вашите три минути.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Јас ќе реплицирам во три сегменти на она што беше, ако може да се нарече, дискусија на господинот Игор Ивановски и ќе спомнам дека не морате да се секирате за моите пишувани говори, затоа што Цветко Грозданов никој пат не ги чита, значи не чита туку слободно се изразува.

Жалам што сте премногу нервозен и сочуствувам со вас што не сте повикани на лидерската средба, но имате една добра замена, господинот Јани Макрадули е присутен таму, така што не грижете се многу и не бидете нервозен, можеби на наредната лидерска средба ќе бидете и вие поканети.

За разлика од вас господине Игор Ивановски, јас во дадениот момент си го знам моето место во општеството и организацијата каде што сум засновал работен однос, затоа што вие се уште не се имате најдено себе си, не знаете точно каде припаѓате.

Би замолил во иднина за луѓе и личности кои не се присутни тука не е добро да се зборува и да се спомнуваат, а не посебно господинот Трајко Славески, затоа што господине Игор господинот Трајко Славески можеби ќе треба да го молите да ви биде ментор затоа што сепак е доктор на науки и треба малку повеќе да го респектирате, од причина што може да го налутите и да не ви даде рецензија, па да останете секогаш помлад асистент. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика, вашата минута господине Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Колку и да се трудам, господине претседателе, да му реплицирам на господинот Цветко Грозданов, мислам дека и јас веќе не можам да му помогнам, иако се трудам. И мислам дека влегува во една зона каде што не му треба политичка помош, туку некој друг вид на стручна помош и тоа најверојатно треба да го побара надвор од Собранието, а не внатре во Собранието.

Инаку, за господинот Трајко Славески нема потреба да коментирам и за среќа никогаш нема потреба да ми биде ментор, а господинот Цветко Грозданов реков дека со задоволство ќе го поканам на бранењето на мојот магистарски или докторски труд, заедно со моите колеги ама со преведувач за да може да разбере за што всушност ќе говорам тогаш. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Процедурално повелете господине Грозданов.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Сметам дека претходниот говорник беше толку мизерен што требаше да го прекинете во неговиот изговор и ќе напомнам дека стојам на располагање, заедно со него да ги потсетиме службите, да видиме на кого ќе му се издаде лекарско уверение, а на кого не, некој ќе остане без работа.

**Љубиша Георгиевски:** Доволно, благодарам.

Полемиката овде предлагам да се заврши, да одиме на покреативни ситуации.

Госпоѓа Мирјана Секуловска сега има реплика на излагањето на господин Игор Ивановски, повелете со вашите три минути.

**Мирјана Секуловска:** Благодарам почитуван претседател на Собранието на Република Македонија.

Кога зборуваме по амандманот кој што ги опфаќа ингеренциите на деканот односно ректорот, јас би сакала да напомнам дека тука зборуваме за ингеренции на ректор, велиме дека се сконцентрирани голем број на ингеренции и се зголемува моќта на ректорот, но јас би кажала дека со сегашниот закон за високо образование таа моќ и тие ингеренции всушност се концентрирани исто така во една личност, а тоа е деканот и би сакала да кажам дека денес, со исклучок на некои декани се разбира, има декани кои навистина си земаат за право да се поставуваат и над законот за високо образование. Во тој дел кратко ова би го рекла.

Меѓутоа, би сакала да му реплицирам на господинот Ивановски на моментот од неговата дебата кога зборуваше за хипотетички пример со реални личности. Тоа не ми се допадна и мислам дека не е фер и не е коректно да се зборува тука за професори кои истовремено се и министри во Владата на Република Македонија, а не се присутни тука во оваа сала и мислам дека не е добро да ги спомнуваме бидејќи кога веќе го спомна колега Ивановски министерот Трајко

Славески, кој што истовремено и професор на Економскиот факултет во Скопје, јас би сакала да кажам дека со сите негови референци и со сите негови титули тој може да биде не декан, не ректор, онаму секаде каде што ќе посака тој, затоа што е еминентен меѓународно признат професор и убаво би било ако зборувате за хипотетички пример да земете и хипотетички личности, а не реални личности, кои практично заслужуваат да бидат она што во законот за високо образование се бара, доколку се разбира тие пројават таква желба. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има господинот Игор Ивановски, вашата минува господине Ивановски.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

Ќе ве замолам да реагирате во вистинско време на вистинско место кога вашите колеги од ВМРО-ДПМНЕ ја злоупотребуваат процедурата. Мислам дека тоа не го направивте минатиот пат. Јас со тоа немам никаков проблем, мислам дека најдобриот одговор за тоа што го зборуваше господинот Цветко Грозданов го даде колешката Јагнула Куновска, која што е цитирана во "Вест".

А што се однесува до репликата на колешката, која ја почитувам, сакам да го кажам следново. Јас го споменувам министерот за финансии Трајко Славески од проста причина што тој е бабица на добар дел од овие решенија. Таа ситуација, тој факт кој го соопштуваат добар дел на членови на ВМРО-ДПМНЕ во овој Парламент никој не го демантираше, тој тоа да не го направел на седница на Влада, немаше можеби ни воопшто да го спомнуваме. А впрочем дали господинот Трајко Славески заслужува да биде декан или нешто друго на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", тоа го кажуваат професорите на Економскиот факултет и впрочем тој став го имаат кажано многу пати, нормално во спротивната смисла повеќе пати. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега реплика има госпоѓа Марија Андоновска, повелете три минути.

**Марија Андоновска:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега, сосема накратко зошто за мене се неприфатливи предложените измени во овој амандман. Вие во вашето излагање споменавте неколку примери, јас ќе ви споменам само еден кој што е спротивен на вашите примери. Нема да наведам на кој факултет е ова случај, иако имам аргументирани докази за сето тоа, но можеби во некоја друга прилика. На еден од скопските факултети дел од професорите кои се членови на Наставно научниот совет, тргнувајќи од свои сопствени лични интереси за сопствените деца, синови или ќерки, кои треба да добијат звање или да бидат назначени од страна на деканот, по претходен разговор во 4 очи со деканот кој што треба да биде избран, се пристрасни во својот избор при назначувањето на декан, кога треба да гласаат за декан, за подоцна тој декан за кој што гласале да им одговори на договорот кој што го имале склучено или она што им ветил и нивните деца ги назначи за помлади или постари асистенти. Сето тоа сметам дека Наставно научниот совет да биде почетен или траен фактор во назначувањето на декан е на штета на квалитетот на образованието. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Вашата контра реплика од 60 секунди господине Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Колешке Андоновска, ако веќе зборувате со примери, кажете ги со име и презиме, па да разговараме. Вака хипотетички можам да помислам дека зборувате за ректорот Сашо Митрев од Штип. Ако мислите за него, тој не е од скопскиот, можеби ќе дојде, можеби ни кажувате нешто што во овој момент не го знаеме. Но, ве молам, ако имате такви примери слободно да ги соопштите и да се борите против нив. Тука не мислам дека ќе имате некој противник, напротив, секој сака да добие систем на високо образование кој ќе гарантира прогрес на Универзитетот, а не образование во кое некој ќе добива позиции затоа што е припадник на некоја политичка партија, како што впрочем сега правите со администрацијата. Ако тоа навистина го сакате, ја имате поддршката во СДСМ во која што јас лично не верувам и го посакувате. Инаку, ова кое и вие сега ни го потврдувате од прилика гласи вака: бидејќи деканот наводно злоупотребува функција, ќе има еден папа над него што ќе се вика ректор од ВМРО-ДПМНЕ и тој ќе бил поправичен. Боже господе!

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господин Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Мислам дека треба да бидеме свесни за сериозноста на материјата која ја уредува овој закон и сходно на тоа очекувам и дебата која полека ќе дојде до вистината, така да се изразам сега, што би значело до посоодветни решенија за регулирање на оваа материја. Јас нема да го бранам овој амандман од позиција на некој кој знае за некое искуство ваму или таму, на еден или друг универзитет или лични искуства или желби преку некакви други решенија да се уредуваат на друг начин работите за да биде тобожно можно укинување на некоја практика, што јас не верувам дека не е доволно за да се регулираат некои состојби само во законот некои работи да бидат поинакви отколку што биле, туку треба една поширока свест и распределба на одговорностите на повеќе нивоа, а особено кога се работи за универзитет за да функционира навистина системот. Тоа што е за нас важно и битно тука, без разлика на нашите искуства од различни страни, тоа треба да биде грижата за избалансирани решенија во функција на поефикасен универзитет кој во себе ќе продуцира подобар квлитет и ќе дава повеќе знаења на тие на кои им треба за во иднина. Од аспект на избалансираност на ингеренциите во контекст на еден интегрален универзитет, мислам дека амандманот е на место поради фактот што

научно наставниот совет е место каде што се рефлектира и кое во себе содржи елементи и на автономија на универзитетот и на академската слобода. Како таков ако тој нема посилни ингеренции барем во именувањето на деканот, кој во себе исто така треба да рефлектира повеќе ингеренции кои ги засега академската слобода и некои елементи на автономија на универзитетот, вклучувајќи го и управувањето, зашто и управувањето и авотномијата на управување е еден од елементите на Болоњскиот процес и на автономија на универзитетот, мислам дека решението од овој контекст е прифатливо затоа што со интегралиниот универзитет и онака многу ингеренции се укинати на факултетите, што мислам дека е добро, и онака зајакнат е ректорот со нови ингеренции, а со решенијата кои тука ги слушнавме, кои се навистина непотребни во овој контекст тој да заседава и да го свикува Сенатот, што е нонсенс во една таква состојба кога Сенатот си го избира ректорот и јас уште еднаш реков дека би можело тоа да дојде предвид ако ректорот се избира на директни избори од целиот универзитет, тогаш ингеренциите можат да се пренесат и да бидат од тој тип. Но, кога телото што го избира и кон кое тој треба да биде одговорен, тој треба да го води, мислам дека Владата тука непотребно опстојува на некои решенија, дури би рекол и каприци кои ако би се прифатиле како овие амандмани ништо не би го нарушиле ниту моделот, ниту концептот на уредување, а кога не се прифаќаат, еве како што гледаме, непотребно предизвикуваат дебати кои јас ги ценам како можност за размена на аргументи за да се дојде до вистинското решение.

Затоа, мислам дека Владата треба да ги разгледа аргументите кои тука се поставени, да не се води само од тоа како некои колеги тука, сигурно од некое искуство и дека со некое системско решение ќе решаваме глупости на еден декан, еден ректор, еден професор итн, бидејќи тоа не е можно, туку ние тука да почитуваме, да разговараме за систем кој ќе овозможи распределба и на одговорностите и на ингеренциите каде што сите подеднакво треба да бидат одговорни,  треба да бидат функционални како решение, за да го произведуваат тоа што е цел на овој закон што го донесуваме.

Затоа зборувам дека некој тука зборува, дури имаше и реплики, нивото кое што сакаше да се наметне е надвор од оваа интенција и од овој дијалог ијас само сакам да изразам жалење поради таквиот пристап на некои говорници тука, кои што не ставаат дигресија на самата тема, туку во себе, како што реков се спротивно од тоа што веќе со законот се дискутира.

Тука вие господине претседателе мислам дека му овозможивте една таква дигресија да направи господинот Грозданов, поврзувајќи некое мое решение со овој амандман, илисо целиот закон, за што мислам дека нема никаква основа и согласно неговото однесување и култура, почна да го нарекува таквото решение како срамно, како срамота и т.н., но од тој аспект да се запознае јавноста што е тоа срамно или срамота што еден друг претходен министер, т.е. јас кога сум бил министер сум потпишал, јас би сакал да го прочитам тој срам. Таму се вели: До Хидробиолошкиот завод во Охрид. Предмет, известување. Министерството за образование и наука ве известува дека во согласност со одредбите од Законот за Буџетот на Република Македонија, Службен весник тој и тој, Министерството за финансии обезбеди средства за вработување на едно лице на работно место стручен соработни со високо образование во Хидробиолошкиот завод. Во поглед на изнесеното ви кажуваме дека е потребно веднаш, во согласност со Законот за научно-истражувачка дејност и вашите акти, да ја отпочнете постапката за вработување, со препорака, времетраењето на конкурсот да биде три дена. Ви благодариме за соработката.

Јас навистина би сакал да видам што е тоа срамно и срам, што така се оцени од страна на господинот наш колега, јас да се посрамам и тие што го донеле и тие што го имплементирале да се повикуваат на нешто како срамно.

Јас господине Грозданов,  ќе ви кажам дека не е ниту срам, ниту срамно ова што го прочитав. Од таа гледна точка и самите граѓани можат да се уверат, затоа го прочитав целосно. Срамота е господине Грозданов, таа институција како многу други институции повеќе години од поставувањето, па до тој ден да примат само еден немакедонец во таа институција, остана етничко чиста со таква политика, која што и вие тука ја застапувате со вашиот индивидуален настап. Срам ми е многу такви институции слични и во Охрид и на други места, уште сега да не можат да ја реализираат политиката на соодветна и правична застапеност, зачувувајќи ги принципите на компетентност и стручност. Срам ми е, не само во Охрид, во таа институција. Имате вие и во Струга една друга институција, каде што еден друг институт, во средина на три албански села, немаше ни еден вработен Акбанец.

Од таа гледна точка, јас само можам да жалам, нема да речам срам само за вас, но можам да речам дека за жал, бидејќи јас сум сограѓанин со господинот Грозданов, тој сака да наметне еден пристап со кој што сака на таков начин и на тоа ниво да го претставува Охрид како едно место кое што по сите свои карактеристики треба да има карактеристики на слободен и отворен град, карактеристики на град кој што е под заштита и потпомош на УНЕСКО и град кој што има потреба од луѓе со широки срца и ум, а не со луѓе кои што без причина, можеби и потсвесно го покажуваат само својот ксенофобичен менталитет и во овој Парламент што јас и во име на Охриѓани изразувам жалење. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Цветко Грозданов три минути реплика, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Точно е господине Положани она што зборувате дека е срамно и навистина е срамно како еден министер за образование во една научна институција каде истражувањето треба пред се да биде приоритет, каде што вработените кои што се стручни соработници, секогаш подоцна стануваат магистри и доктори, тоа е еден од условите како би можеле да бидете вработен во факултетите и на научно-истражувачките институции потребно е да имате минимум просек 8, ако не се лажам, ако се лажам, се извинувам поправете ме. Станува збор, за личноста, која што не сте ја виделе господине Положани, еве на втората страница, не станува збор дали вие ја префрлате топката на она што е Албанци и Македонци. Значи, не разговараме во тој однос. Дај Боже да има и двајца и тројца Албанци на Хидробиолошкиот завод во Охрид, но господине Положани, срамно е, кога некој после жалосни 12 години студирање завршува Хемиски факултет наставна насока со просек 6,6 го ставите во Институтот да се занимава со научно-истражувачка дејност. Тоа господине Положани е многу срамно. Срамно е што давате три дена, за да не можат другите Албанци кои што биле квалитет да се пријават на овој конкурс и да бидат примени како стручни работници во научниот Институт Хидробиолошкиот завод, затоа што господине Положани оваа личност е со ваш благослов примена таму. Затоа што вие ургиравте лично, затоа што наложивте да бидат три дена, препораката да биде три дена, иако го имавте тоа законско право, но квалитетот господине Положани не е на ваша страна. Вие ги уништувате албанските интелектуалци ставајќи луѓе кои што се нестручни и некомпетентни за изведување на оваа дејност. Примате луѓе кои што се со смер настава, значи, кои што треба да се занимаваат со образование ги ставате во Институтот за наставно-научно истражувачки дејности, поточно во Хидробиолошкиот завод. Уште еднаш ќе ви напомнам господине Положани, давајте им на сите еднаков третман, без разлика дали се Македонци или Албанци, давајте им третман на квалитетот кој што го имаат. Изберете луѓе и личности кои што ќе имаат просек над 8, над 9. Тоа нека бидат 70 или 80% Албанци кои што ќе бидат примени во Хидробиолошкиот завод. Но сето тоа за подобро работење на наставно-истражувачката дејност во Хидробиолошкиот завод. Човек со 6,6 не знам дали ќе може да се бави со истражувачка дејност. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Положани имате контра реплика од 60 секунди, повелете.

**Азис Положани:** Јас реков што е срамно. Но не е срамно да не се знае. Фактот што вие не знаете што содржи ова писмо, тоа е причината на вашата забуна. Ниту сум наредил, ниту сум побарал, ниту сум наложил нешто што е срамно, затоа што не сум наложил ниту име, ниту презиме. А фактот што тој е примен таму од институцијата со таков просек повторно е законски затоа што таа личност не е кандидат за научни звања. Тој е стручен соработник господине Грозданов. А вие не знаете дека во Законот за научно-истражувачка дејност има звања со кои што се именуваат стручните соработници кои што не прилегаат на тоа право, затоа што тој е сега библиотекан, а не е научник, а ги има тие кои што треба да ја исполнат оценката 8, за да се зафатат со кариера. А вие оваа работа не ја знаете, но ви велам не е срамно.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас, господине Положани.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата за две минути.

Ги повикувам сите пратеници кои не се присутни во салата да влезат во салата зашто не очекува гласање. Нека повелат службите да ги пребројат пратениците.

**Бесим Догани:** Бидејќи во салата се присутни 61 пратеник, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 54 пратеници, 10 гласаа за, воздржани нема, против 44.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандмаот на член 63 став 1, за менување на алинејата 3, поднесен од пратениците Ѓорѓи Оровчанец и Марјан Додовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 62 пратеника, за амандманот гласаа 51 пратеник, 3 гласаа за, 1 воздржано, против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 70 за менување на став 6, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Збор има господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамимтчиоски:** Кој е нашиот амандман.

Во членот 70 е дефиниран составот и изборот на одборот за акредитација. Последниот став на членот 70 гласи од Предлогот на законот:

“Претседателот на Одборот за акредитација го именува Владата на Република Македонија кој го претставува и застапува Одборот за акредитација”.

Ова никогаш не било. Ние предлагаме:

“Претседателот на одборот за акредитација го избираат членовите на Одборот за акредитација од своите редови со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

Претседателот го претставува и застапува Одборот за акредитација”. Тоа е старото решение.

Навидум, можеби вам не ви е важно, но ова е најцврстиот печат и доказ за дефинитивна желба за политизација на високото образование. Да ви аргументирам зошто е така. Само сослушајте некои од надлежностите на Одборот за акредитација:

“Утврдува дали со проектот за основање високо образовна установа и поднесената документација се исполнети условите за вршење на високо образовна дејност”.

Тој дава зелено светло дали некоја високо образовна институција е подготвена да врши три циклуси на образование, на високото образование.

“Одлучува за акредитација на научна установа која сака да врши високо образовна дејност на студии од втор и трет циклус на студии”. Им дава зелено светло на научните институти, приватни и јавни, дали ќе вршат втор и трет циклус, тоа се магистарски и докторски студии.

“Утврдува дали високо образовната установа ги исполнува условите за организирање на студии заз нови студиски програми и го утврдува капацитетот за студирање н високообразовната установа.

Меѓу другото дава акредитација на студиските програми”.

Ако имаме предвид дека секојдневно во јавните гласила имаме бомбардирање дека се очекуваат нови 7 факултети на Штипскиот универзитет, на Тетовскиот универзитет има најави, разбирлива е желбата на Владата да ги стави под капа ова независно тело што со закон е дефинирао дека е независно за да може да ги изврши внатрешните притисоци, за се да биде легално. Ова не е параноја. Слушајте го составот.

Составот на Одборот за акредитација е, составен од 15 члена, од кои 8 од редот на професори избрани на Интеруниверзитетската конференција, еден член од МАНУ и 6 од Владата, од кои најмалку половината да се професори.

Почитувајќи го искуството на оваа Влада од ние 3 кои не се универзитетски професори, како вицепремиерот Ставрески кога го ставивте во матичната комисија, ќе си поставите еден претседател на Одборот за акредитација од политичарите. И тие треба да ги ценат сите оние академски услови што по закон треба д ги исполни високо образовната институција.

Може да кажете мнозинството е од страна на Интеруниверзитетската конференција. Што туку усвоивме членови во Законот во кои што ректорите на универзитетите го рекомпонираат составот на Интеруниверзитетската конференција. Јасно е што ќе се случи. Нема потреба од елаборација. Ќе се даваат студиски програми надвор од законот, еве, бидејќи се потсмевнувате, во ваше време што направивте со Славјанскиот универзитет? Пет пати во поставувам прашање, пет пати, тоа е поврзано со Одборот за акредитација. Владата го прекрши законот. И што да очекуваме од другите институции.

Значи, одборот за акредитација што е во ваков еминентен состав сега, на свој грб ги понесе сите нови пререгистрирање на сите нови високо образовни институции. Со негова помош отворивте два нови државни универзитети. Не е дека нешто до сега кочел.

Одборот за акредитација ви прати едно такво писмо каде со десет точки појаснува дека, ако дадете решение на Славјанскиот универзитет за време на работа го кршите Законот во 10 точки. Ама, вие му дадовте времено решение, решение за време на работа, на 6 месеци. Иако не ги исполнува основните елементарни услови што се наредни во Законот. Не достави банкарска гаранција Регистрирано е како трговско друштво. Професорите не се избрани во процедура по Законот за високо образование на Република Македонија, ниту има доставено увид по кој закон и со каква процедура се избрани во звање. Нема поголем број на проесори од матичната земја, каде што ја вршат дејноста визави земјата матична каде е регистрирано, односно Руската федерација. Без да склучите билатерален договор за соработка на двете држави давата да работи на територијата на Република Македонија и Владата дава времено решение со што директно се крши Законот за високото образование.

Па, ви се молам, што да дискутираме понатаму. Што натаму да дискутираме и на што да се надеваме дека ќе произлезе од овој закон и како ќе функционира понатаму. Мислам дека е јасно што се го очекува високото образование.

Од тие причини, дајте ни само еден валиден аргумент зошто од 15 члена на составот, каде две третини треба да бидат професори, самите да не си изберат со мнозинство на гласови кој ќе го застапува Одборот за акредитација во правниот јавен настап. Како може вакво решение да биде наметнато, освен ако нема силна желба за политизација.

Сега, како сакате ова сфатете го. Ние ќе си вергламе, ќе си зборуваме, вие мислите дека треба час поскоро да се донесе, но да знаете дека последиците ќе бидат многу тешки. Не ви

зборувам дали од аспект на политичка гарнитура една или друга или трета. Многу е лошо ако се влијае политички во процесите на конституирање на високо образовни институции. Многу е лошо.

И, да нема заблуди, бидејќи читам во весниците разни шпекулации. Нови факултети и во рамките на универзитетите се формираат само со закон. Никако поинаку.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Гермитчиоски.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги повкувам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата.

Бидејќи во салата имаме 64 пратеници, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 64 пратеници за амандманот гласале 47 пратеници од кои 3 гласале за, против 44, воздржано нема.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 70 за менување на став 6, поднесен од пратениците Теута Арифи, Агрон Буџаку, Аднан Јашари, Ајше Селмани, Селвије Салиу и Зумрете Јакупи и амандманот на член 70 за менување на став 6 поднесен од пратениците Ѓорѓи Оровчанец и Марјан Додовски се со иста содржина.

Предлагам овие амандмани да водиме единствен претрес а гласањето да го извршиме за секој од нив посебно.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот гласале 47 пратеници, од нив 38 гласале за, воздржани нема, против 9.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворам претрес по амандмајот на член 70 за менување на став 6, поднесен од пратениците Теута Арифи, Агрон Буџаку, Аднан Јашари, Ајше Селмани, Селвије Салиу и Зумрете Јакупи и по амандманот на член 70 за менување на став 6 поднесен од пратениците Ѓорѓи Оровчанец и Марјан Додовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандмаот.

Има збор господинот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Господине потпретседателе, ако има можност да создадете услови за работа.

Јас ќе зборувам доколку министерот се ослободи од разговорот.

Ви благодарам.

Господине потпретседателе,

Еве веќе трета недела расправаме и дебатираме околу амандманите предложени, поголем дел од страна на опозицијата, во врска со подобрување на текстот на законот за високото образование. Веќе овој закон се политизира на некој начин, покрај сите сугестии и наши предлози, како дел од опозицијата, што е и наша обврска, за да интервенираме амандмански, на консруктивен начин, во насока на подобрување на самиот текст на законот.

Не гледам за упатно, ниту Владата, а најмалку министерот за образование, деловите од амандманите што се во врска со суштински прашања да се прифатат од истиот, бидејќи имаме многу бројни амандмани во врска со. . .

Господине потпретседателе, ако има можност малку за тишина јас не можам да говорам.

(Претседавачот предупредува на ред со ѕвончето)

Бидејќи зема друга насока и одзив и со одлучноста на опозицијата во насока на подобрување на текстот на законот. Јас сум изнанаден како министерот, ако нема дозвола од страна на Владата за есенцијални амандмани требаше можеби да се консултира и да добие дозвола и согласност. Навистина овие предложени амандмани од наша страна во однос на подобрувањето на текстот на законот да се прифатат и да се сретнат коорданаторите со министерот и сите разлики да се надминат на елегантен и добар начин. Но, амандманот на Тале Герамитчиоски е идентичен со нашиот амандман што се предлага во Советот за акредитација кој е составен од 15 члена од кои 8 од интеруниверзитетските конференции, понатаму, еден од МАНУ и 6 члена назначени од страна на Владата. Значи, кога од друга страна ќе го видиме ова од 15 члена најмалиот број на предложени се од страна на Владата, но излегува спротивното во однос на изборот на претседателот на Одборот за акредитација. Мислам дека во насока на демократизација и институционализација на високо образовните установи било и научни установи, мислам дека треба навистина да имаме еден либерален пристап во насока да се дозволи функционалност и еден правилен пристап кон овие високообразовни уставнови. Мислам дека со овој чин каде со 6 члена кои ги назначува Владата како членови на Одборот кои ги предлага и назначува во Одборот за акредитација, од нив условно да кажам, од малцинската група предложена од Владата да се назначи претседателот на Одборот, мислам дека не е демократски и нетолерантно. Господине потпретседателе, не знам колку имате вие право, тие кои не сакаат да седат во салата, нека излезат надвор. Ова е еден добар совет. Ние можеме и така сите да излеземе.

Јас чекам господине потпретседателе додека се создадат услови за расправа и дискусија. Но, од друга страна знаеме дека Одборот за акредитација има да кажам свои надлежности.

Меѓу другите во четвртата алинеа од членот 70 се вели дека, членовите на Одборот за акредитација се независно, самостојно и стручно ја вршат својата должност. Со самото тоа што има рака Владата во изборот на претседателот на Одборот, мислам дека навистина почнува да се политизира и Одборот за акредитација кој има обврска да акредитира високо образовни установи и научни установи, значи како високообразовните установи ја вршат својата работа во втор и трет степен, да утврди како високообразовните установи ги исполнуваат или не, условите за организација на студии и новите студиски програми и да одлучи за капацитетот на студиите на високообразовните уставнови. И не случајно најмногу опозицијата инсистира ова прашање да не се допре на политички начин од претседателот на Владата, или од органите на Владата. Ние не сме за тоа да нема членови избрани од страна на Владата во Одборот за акредитација, но да не се оди до недозволено ниво и претседателот да го избира и предлага Владата. Мислам дека е нешто што не може да се толерира и тоа е неприфатливо за нас. Затоа нашата одлучност е во оваа насока. Јас овде не гледам некоја дилема и неуставно, незконско прашање. Доколку од самите членови на Одборот за акредитација изберат свој човек за претседател за кој тие мислат и веруваат дека тој својата должност ќе ја врши како што треба. И сите извештаи претседателот на Одборот може да ги даде на Владата и министерствата по основ на законот кој ќе го донесеме. Ова непосредно според наше мислење можеби посредно се засега и автономијата на работата на Одборот за акредитација. Бидејќи Одборот за акредитација на еден начин ја контролира работата во високообразовните установи и за издавање на дозволи на новите институции. Мене ме чуди како може нешто вакво да не се прифати од сугестиите кои ги дава опозицијата. Иако нашата расправа е во насока, конструктивна насока за да се надминат овие нерешени и недорешени прашања. И затоа го молам министерот, ако види упатно иако можеби амандманот кој го образложи колегата Герамитчиоски е идентичен и мислам дека не е лошо да се прифати овој наш амандман на нашата парламентарна група.

**Бесим Догани:** Збор има госпоѓа Зумрете Јакупи, повелете.

**Зумрете Јакупи:** Почитуван претседателе, почитуван минстер, почитувани колеги,

Јас гледам дека во алинеа 6 од членот 70 од Предлог законот за високо образование, претседателот на Одборот за акредитација го именува Владата на Република Македонија. Ова за мене е неприфатливо, имајќи предвид какво горко искуство имаме од оваа Влада, Влада која што беше во состојба само за да биде контролор, како што беше примерот со Универзитетот во Тетово каде што го отстрани ректорот. Што друго да се очекува од оваа Влада кога ќе има свој кандидат? Затоа јас сметам дека ова е алинеа која што дискриминира и преку која што се прави политизација. Оправдано е оваа алинеа да се измени на тој начин што претседателот на Одборот за акредитација ќе го изберат самите членови на Одборот. На овој начин нема да се политизира овој Одбор. Исто така, ќе имаме кандидат од кадарот на професори во овој одбор и овој одбор ќе биде претставен од овој претседател кој што ќе биде избран од самите членови на Одборот и тој ќе го застапува и претставува Одборот како што е и редот, без да ја уништи, или наруши автономијата на Универзитетот.

**Бесим Догани:** Збор има госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Еве иако неколку дена веќе дебатираме, две седмици по овој закон. За жал, јас не видов дека со нешто ќе се подобри законот кој што се наоѓа пред нас, туку напротив морам да кажам дека некои решенија кои се наоѓаат во овој закон се најлошите решенија што можеле досега да се понудат со директно уништување на автономијата на Универзитетот и со тоа задирање во Уставот на Република Македонија. Јас не би сакала да должам многу околу тоа. Имаше долги дебати како ќе се избира ректорот, како ќе се избираат деканите и дека навистина Владата, оваа Влада сака буквално целиот Универзитет да го стави под своја капа. Дека е така говори и овој член. Мене навистина не ми е јасно овој амандман ако погледнете амандмани со вакква содржина значи имаат пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули од СДСМ, имаат пратениците од ДУИ, пратениците Валентина Боживновска, Ѓорѓи Оровчанец и да не ги набројувам, значи од најголем број од пратеничките групи и независните пратеници со исклучок амандманот не го прифаќа министерот и парламентарното мнозинство на ВМРО-ДПМНЕ. Мислам дека е нелогично во еден Одбор за акредитација во кој што членуваат 15 членови од кои 12 членови се универзитетски професори, вклучувајќи го тука и претставникот од МАНУ. Значи, само тројца од нив според членот 70 не мора да бидат универзитетски професори односно можат да бидат политички именувани. И на тие 12 универзитетски професори да не им се даде можност сами да го изберат оној што ќе биде претседател на овој Одбор за акредитација, туку и тој претседател треба да го именува Владата.

Мислам дека со самото тоа што Владата веќе има 6 претставници, 6 членови во овој Одбор е сосема доволно застапена. Зошто е потребно Владата да го именува претседателот? Се сака да се покаже сила, моќ, да се фрли Универзитетот на колена, што сака да се постигне со овој закон почитувани колеги пратеници, ако 12 интелектуалци, универзтитетски професори, ако еден член на МАНУ не се способни да изберат од своите редови човек кој што ќе го води овој одбор за акредитација кој ќе биде стручен, компетентен и

одговорен. Дали треба да чекаме Владата, во овој случај оваа Влада ако законот остане ваков и во иднина, но не верувам дека ќе остане ваков и некоја друга Влада да го именува претседателот на Одборот за акредитација. Навистина мислев дека е направена техничка грешка при изготвување на законот и дека министерот без двоумење ќе го прифати овој амандман, затоа што се нарушува достоинството на сите универзитетски професори. Не само што кажав дека се задира во автономијата на Универзитетот, меѓутоа во Одборот за акредитација да не можат самите да си го изберат оној што ќе раководи со тој Одбор туку да се чека Владата да го именува, мислам дека тоа е под секое достоинство, па дури и да се работи не за Универзитет, туку за некоја институција која што е на некое пониско ниво од Универзитетот. Очекувам дека пратениците од ВМРО-ДПМНЕ ќе имаат доблест и барем овој пат ќе гласаат во корист на амандманите без ралика чиј амандман ќе биде прифатен. Најмалку е важно дали ќе биде прифатен амандманот од СДСМ, од ДУИ, од господинот Оровчанец или Валентина Божиновска.

Тоа е суштината на амандманите, тука да не се дозволи во Одборот за акредитација да им кажува некој од надвор, односно Владата кој ќе им биде претседател. Ве молам, уште еднаш размислете. Со претходните членови доволно го пониживме Универзитетот, Законот за високото образование доволно го дискредитира целокупниот Универзитет, навлезе во рушењето на автономијата и уставниот поредок. Сега немојте да дозволите уште и овде до крај да докажете дека навистина ваша единствена цел е комплетно оваа Влада да има ама баш апсолутно влијание во сите сфери на општествното делување.

**Бесим Догани:** Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, почитуван министер, најпрво да изразам разочарување бидејќи во почетокот кога претставник од СДСМ разговараше со министерот и заменикот министер беше укажано дека ова е од оние амандмани кои се во групата на амандмани кои ќе бидат прифатени. Но, тоа е политиката на Владата тврдо да остане на концептот кој го предлага, концепт кој што за жал, ќе овозможи политички, или бизнис и опасност од политички, или бизнис упад на Универзитетот. Инаку, да не се секира колешата Роза Топузова Каревска дека некоја друга идна Влада ќе го искористи овој член. Ние кажавме неколку пати во расправата кога СДСМ ќе биде дел од Владата ќе направи измени во Законот за високо образование во трите члена кои што сериозно ќе влијаат, или ќе направат проблем на Универзитетот не само од аспект на автономијата, туку и од аспект на функционирањето на факултетите. За тоа денеска зборуваа и моите колеги од СДСМ, но и други пратеници од Собранието. Значи, и овој член и овој став 6 од членот 70 е наменски, ќе живее онолку кога ќе се формираат седумте факултети на Државниот универзитет во Тетово и тогаш ќе ја изгуби својата смисла, како што наменски е за кој ректор ќе биде донесен од надвор, па тој по вертикала кои декани ќе ги избере. Овој си има краткорочна цел, а тоа е во одборот за акредитација да се наметне решение кое што ќе треба да го истурка тоа. Се разбира, ВМРО-ДПМНЕ добро е што сфатил дека Државниот универзитет во Тетово не е никаква опасност како што не убедуваше во 2003 година и како што викаше Груевски, не служи за гетоизација на младиве, туку заедно со ДПА влегуваат и во негова експанција и проширување. Зошто од друга страна сме загрижени? Затоа што Одборот, надлежностите на Одборот за акредитација се исклучиво стручни, не се политички. Владата на ВМРО-ДПМНЕ еднаш тоа го направи со номинирањето на Зоран Ставрески, претседателот на Владата за економски и секакви прашања да ја води Комисијата која го формираше Универзитетот во Штип “Гоце Делчев”,со тоа непотербно додавајќи му, наметнувајќи му политижка нитка на една благородна идеа. Се плашам дека ваквото решение што е овде ставот 6 од членот 70 ја има таа намена, а тоа е краткорочна политичка одлука на Одборот за акредитација за одредена сфера, за одредени факултети. Зошто велам дека ова е стручна проблематика Одборот за акредитација, ако го погледнеме членот 71 каде што се дефинирани надлежностие на Одборот за акредитација, ќе видиме дека тој дава акредитација на студиски програми, дека одлучува за акредитација на научна установа која сака да врши високообразовна дејност на студии од втор и трет циклус на студии, утврдува дали со проектот за основање на високообразовна установа и поднесената документација се исполнети условите за вршење на високообразовната дејност. Бидејќи треба да се анализираат програми, проекти, курикулуми, ЦД-а на професори кои што ќе учествуваат во тоа, наставни програми, проекти од аспект на лаборатирии кои ќе треба да се придружат на високообразовната установа. Апсолутно е нелогично зошто претседателот на Одборот за акредитација треба да го именува Владата, а не како што се предлага во серија на амандмани члеовите на Одборот за акредитација. А бидејќи Владата не е во мнозинство во Одборот за акредитација очигледно не сака да го прифати овој амандман, затоа што ќе наметне решение кое што ќе биде политичко и кое што ќе треба на мускули да ја избутка целата таа работа околу формирањето на основањето на високообразовни установи кои што се на границата на добриот вкус. Мислам дека Владата влегува во уште една свера која што од себични причини можеби е добро да ја прекутиме, бидејќи ќе направи проблем на терен. Но, тоа реков, ниту не прави среќни, ниту не прави задоволни, напротив не прави многу загрижени, затоа што хаосот покрај што ќе се прави на факултетите кои

што постојат и кои што добро функционираат со наметнатото решение ректор од надвор и потоа тој што ќе избере човек со фрустрации кој што конкурирал 12 пати за декан, а никогаш не бил избран.

Така, ќе направи проблеми и во оваа сфера при основањето на високо образовните установи со политички претседател на Одборот за акредитација.

Ние се обидувавме, иако прво сакам да демантирам дека тоа што долго расправаме околу овој закон, не постои ден, ниту еден ден не сме работеле од 11,00 до 18,00 часот на овој закон, дали заради немање на кворум, дали зарадии други причини, но ниеднаш не се посветивме цел ден на овој закон, дали системот нема да проработи или пак протоколарни обврски ќе имаат претставниците, да бидеме малку пореални, не успеавме во еден ден да ги анализираме клучните работи. Ова е третата група или третиот член кој е спротивен на автономијата на Универзитетот, дефинирана на почетокот во дефинициите. Тоа ќе направи проблем во формирањето на новите високо образовни установи, а ќе трае до формирањето на седумте нови, како што беше најавено или Владата како што донела одлука н 31 јануари о.г. за формирање на 7 високо образовни установи на Државниот универзитет во Тетово, што е победа на политиката што ја промовираше СДСМ и ДУИ во 2003 година кога Никола Груевски не убедуваше дека Државниот универзитет во Тетово ќе доведе до гетоизација и поделба на младите во Тетово и во тој дел, односно одредени делови од Република Македонија. Тој пораз на политиката на ВМРО ДПМНЕ не може да се аминува ниту со молчење на пратениците од ВМРО ДПМНЕ, ниту пак со одлуката што Владата ја донела да овозможи да го избира претседателот на Одборот за акредитација, кој треба да ги формира тие седум факултети. Остнува да апелираме на парламентарното мнозинство да го прифати овој амандман. Еве, овој амандман не е предложен од пратеничката група на СДСМ, не мора да го гледаат тесно партиски, овој амандман е предложен и од пратеници - мислам дека и господинот Додовски е потпишан, и Оровчанец, кои не се од СДСМ, па можеме да се решиме да го прифатиме овој амандман кој ќе ја врати стручната дебата на луѓето кои имаат искуство, ќе ја врати дебатата за проблематиката на луѓето кои многу години се инволвирани во креирањето на академските програми, кои професионално се занимаваат со тоа, а нема да овозможи политичко решение за претседател на Одборот за акредитација, кој треба да ги оствари целите на одредена политика. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Збор има господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Во член 40 Владата утврдува потреба за престанок на единица на јавен универзитет. Во член 51 Сенатот нема претседател, нема право да предлага декан, т.е. директор на висока школа. Во член 53 ректорот не мора да е вработен на Универзитетот. Во членот 54 ректорот раководи со Сенатот и избира и разрешува директори сам по свој избор. Во член 63 наставно научниот совет се маргинализира. Значи не се дава право со тајно гласање да избере еден кандидат кој ќе му го предложи на ректорот туку само листа која не е ни обврзувачка. Во член 70 Одборот за акредитација, претседател му избира Владата на Република Македонија а има многу високи ингеренции. Во членот 74 истото се случува со Агенцијата за еваулација, во кој претседател повторно му избира Владата, а двете тела се независни и во преодните одредби, член 170 и 171, се скратува мандатот на постојните Одбор за акредитација и Агенција за еваулација, како и Советот за финансирање до три месеци.

Ако ова не е политизација на високото образование, ништо не е. Ваков закон нема шанса некој кој што работи во високото образование да го поддржи. Јас не знам дали воопшто универзитетските луѓе го гледаат ова, ја следат оваа дебата која е заморна, мачна и долга и дали воопшто имаат претстава што ќе се случи со нив. Сето е врзано во еден затворенкруг, ама тоа ќе го кажам во дискусијата по текстот на законот, конечно. Ова не е ништо случајно, јас не верувам дека министерот и самиот е свесен како на Влада овие 5-6 одредби кои што ги прочитав му ги вметнале, бидејќи со сиот респект не е од универзитетската средина и не знае какви се замки подготвуваат оние кои ги предложиле овие работи, па не е важно дали е ВМРО ДПМНЕ или СДСМ или некоја трета партија на власт. Ова е нешто што ќе му се случи на високото образование, што е страшно, ова е убиство со предумисла, ова е заговор, овде има еден затворен круг во кој прецизно се знае како Агенцијата за еваулација прво ќе определи, кога ќе ја стокмите со ваш терк, кои факултети треба да се затворат. Правниот факултет пречи, нема проблем, економскиот факултет пречи, нема проблем. Дава извештај до министерот што е надлежен, кој го препраќа до Владата која посочува дека нема потреба повеќе од постоење на тие институции. Членот 40 тоа му го овозможува. Сенатот влегува во улога на статичен посматрач на околностите, ректорот е клучната фигура и тој треба да ги изигра сите оние валкани работи кои некој ги осмислил. И нема воопшто да има потреба некој од нешто да се срами, бидејќи ниту бил во универзитетот, ниту растел со универзитетот, ниту потекнува од таа средина, ќе го донесат како стечаен управник од некаде, ќе ја заврши валканата работа и ќе си замине. Немам коментар понатаму!

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманите.

Пред да поминеме на гласање, ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата.

(Присутните пратеници во салата чекаат да се создаде кворум)

Бидејќи сега во салата имаме доволен број на пратеници, амандманот на член 70, за менување на став 6, поднесен од пратениците Теута Арифи, Агрон Буџаку, Аднан Јашари, Ајше Селмани, Селвие Салиу и Зумрете Јакупи го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, од нив 10 гласаа за, воздржани нема, против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 70 за менување на став 6, поднесен од пратениците Ѓорѓи Оровчанец и Марјан Додовски, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 62 пратеника, гласаа 58 пратеници, од нив 10 гласаа за, еден воздржано и против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 74 за менување на став 7, поднесен од пратениците Теута Арифи, Агрон Буџаку, Аднан Јашари, Ајше Селмани, Селвије Салиу и Зумрете Јакупи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има господинот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Министерот автоматски ја научи реченицата “не се прифаќа”, но дали има некоја анализа во однос на овој амандман, тоа ќе го оставам на негова одговорност и негово право. Многу добро кажа еден колега дека сега на министерот не можеме да му забележиме бидејќи не е универзитетски работник и секој кој не е од таа бранша тешко може да ја знае подобро состојбата. Јас припаѓам на таа бранша, и јас сум работел во образование, па горе долу знам како течат овие процеси. Добро е кога некој не знае нешто и може да научи од некого. Ова е едно од позитивните својства на секој човек и нешто што не знае не е срамота да признае и да научи.

Како и да е, ќе го кажам нашиот став и нашата оценка околу овој амандман предложен од парламентарната група на ДУИ и идентичен со Одборот за акредитација. Значи тие компоненти ги опфаќа и овој член од Законот, членот 74, при што се вели дека е составен од 11 членови, 5 од интеруниверзитетските конференции, а 4 се именувани од страна на Владата на Република Македонија, еден е од најрепрезентативната организација на работодавци и еден член е од интерпарламентарниот студентски парламент, што значи дека претставува еден микс, што е сосема нормално и добро. Од друга страна, овде се нагласува во самиот член дека членови на оваа агенција за евавулација се независни и самостојни.

Самиот збор независни и самостојни значи стричната работа треба да ја вршат и само по себе, ни укажува некои нешта со кои нивната работа, нивната внатрешна организација, нивното функционирање изборот на раководни органи, како претседателот на оваа Агенција за евавулација треба да се направи од редот на членовите на Агенцијата за евавулација, а не да се направи повторно од страна на Владата. Да ви дадам пример. Ние добро знаеме на седници на Владата што се случи од вашето министерство од актуелната Влада со ректорот на Државниот универзитет во Тетово. Без никаква законска основа, се направи упад во тој универзитет. Сега се создаваат законски основи на еден начин да се контролираат универзитетите, односно преку евавулација, мило ми е господине дека се согласувате со моите зборови, дека се врши упад на универзитетот со тоа што ми одобрувате со мафтањето со главата. Мислам дека се согласувате за институционален упад во универзитетите. Мислам дека е срам за еден министер кој на еден таков начин со ова се согласува. Сакам да го нагласам и тоа дека надлежностие на Агенцијата за евавулација ја цени дејноста на високо образовни установи со што им се дава акредитација и дозвола за вршење на една високо образовна дејност. Што значи дека со самата евавулација внатрешна и надворешна евавулација се оценува работата позитивна или негативна. Оваа информација се проследува до одборот за акредитација. Истата информација оди до Владата и на овој начин им се дава или не им се дава натамошната дејност на некоја високо образовна установа да ја врши својата работа и должност. Со самиот случај дека законите кои ја даваат рамката на постапување на оваа Агенција и поранешниот одбор за акредитација, да ја информира Владата и претседателот на Владата и Министерството за образование, ова укажува дека има непосредна законска врска со Владата и Министерството. Додека мешањето на Владата во работите на избор и назначување на претседателот на Агенцијата, мислам ги надминува сите нормални граници на една демократија внатре во оваа Агенција за евавулација, научната дејност, уметничката дејност, стручната работа, академскиот кадар, студиските програми на високо образовните установи. Упатството за начинот на обезбедување и проценката за квалитетот на високо образовните институции, академскиот какдар во Република Македонија. И евавулацијата нормално, се поднесува до Владата. Тогаш се поставува прашањето колку

вашето министерство, како Министерство за образование ги слушнало проценките и сугестиите, советите и забелешките од интелектуалците од Универзитетот, од науката оклу овие забелешки кои ние ги правиме како опозиција. Колку е во ред на пример ова на секој чекор и во секој орган и во ректоратот и со Сенатот се меша владината политика. Не значи дека Владата на ВМРО ДПМНЕ ќе се меша, или нема да се меша, нема да навлегувам во надлежноста на секоја влада и се остава простор за манипулација. Моите сугестии не се во насока само вашето Министерство господине Рушити, или актуелната Влада на Груевски, ќе се меша во работите на акредитацијата и Агенцијата за еваулација. Но, од друга страна, се остава простор на секоја идна Влада да се меша во работата и стручната дејност на секоја високо образовна установа. Затоа, овие наши сугестии се во оваа насока. На еден начин да се легализира дејноста за да менува, а додека пет члена се од редот на професорите еден е од работодавците и само 4 се од Владата именувани. Сега од тие 4 Владата именува кого сака без да праша некој друг од членовите на оваа Агенција за еваулација, за нивен претседател.

Мислам дека ние ќе укажуваме со наши забелешки кога ќе говориме по општиот текст на законот. Затоа би побарал од парламентарното мнозинство да ги имаат овие наши сугестии дека не се говори за други, се говори за иднината, да имаат поголема демократска слобода на дејствување на овие високо образовни установи кои ја вршат својата дејност паралелно со високо образовни установи. Благодарам.

**Бесим Догани:** За реплика се јави министерот Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Благодарам потпретседателе.

Точно е за некои работи кои не ги знам се консултирам, благодарам за оваа исклучително добра поука што ја дадовте, токму за тоа и кога се спремаше Законот за високо образование, ние се консултиравте со тие експерти и со тие земји кои се многу поразвиени од нашите и кога ве слушам вас господине како толку црно гледате на овие две решенија на Одборот за акредитација и Агенцијата за еваулација, ги жалам. Над 15-те европски земји, многу поразвиени од нашата држава, како тие стигнале да имаат таков успех во високото образование со вакви, како што вие велите лоши решенија. Значи, над 15 земји, да не ги набројувам јас, многу поразвиени, неколку пати ги набројав кои се тие земји. Значи, уште еднаш ќе повторам има разлилчни концепти. Тоа што ние сме го избрале овој концепт, не значи дека е против некои решенија, или решенија кои не постојат во поразвиени европски земји. Во Шведска, ректорот се именува од Владата. Ние го немаме тоа решение. Ако сакате уште еднаш ќе ги набројам, претседателот на Одборот за акредитација и претседателот на Агенцијата за еваулација се именува директно од Владата. Јас не гледам зошто така црно треба да се гледа Законот за високо образование. Значи вакви решенија успешно постојат во Европските земји. Сега навистина кога ве слушам како така црно гледате на работите, ги жалам тие земји. Не само што ги жалам, всушност, и се чудам како со такви лоши решенија тие имаат така голем развиток.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министер.

Контра реплика има господинот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине потпретседателе,

Народот вели една народна изрека Собранието се одржува каде што му е местото. И ние Република Македонија знаејќи каков систем образовен имаме и воопшто образовниот систем кај нас, не може да се споредува нашиот систем со западна Европа. Слободно, може на пример Шведска или некоја друга држава да именува ректор, но Шведска не врши упад во ректоратот, како што се случи во Државниот универзитет во Тетово и други институционални упади како што се вршат во нашите универзитети. Јас не велам дека е се црно во овој закон. Априори 70 - 80% е прифатлив овој закон, лошо да не се разбереме, но за овие решенија кои се поднесени мислам дека не се доста прифатливи. И Болоњскиот систем не сме го аплицирале восите факултети. Ние сега се трудиме да направиме универзитетски систем според западниот систем. Мислам дека не е во ред тоа што го говорите.

**Бесим Догани:** Има збор господинот Даут Реџепи, повелете.

**Даут Реџепи:** Ви благодарам потпретседателе. Ова што ќе го кажам сега ќе бидам искрен и не сакам да политизирам од причина што работите се доста јасни. Овде не се говори за квалитет или за постигнувањата или реформите во високото образование, но овде се работи за настојување кој ќе раководи.

Јас сакам да подвлечам дека ние бевме сведоци на 4-те минати години, односно сакам да говорам за ДУТ, бидејќи тука гледам дека алудира господинот Сафет Незири и конкретно му реплицирам за правдата и реалноста, бидејќи Сафет не ја познава реалноста во Тетово и во ДУТ и не за да го бранам министерот. Јас ја бранам правдата, така што е нешто многу интересно што не даваат ниту еден предлог, ниту еден модел кој ќе го унапреди или модернизира една установа, но овде се одлучни целата енергија и целиот потенцијал да се троши кој ќе раководи со овие органи. Ова е една горка реалност во изминатите 4 години на владеењето на СДСМ и ДУИ и сведоци сме, најмалку јас добро ги знам работите како течеа, колку се злоупотребени, како беше половен тој универзитет за 4 години, немаше никаква акредитација, никаков вид услови за самите студенти, така што беше навистина еден метеж. Јас сум убеден и добро сум запознаен со развојот и измените од позитивен аспект.

Значи, со акредитација на факултетите, што е факт господине Сафет дека нормално не може да ве задоволам вие да раководите со еден универзитет од опозицијата кои вие како позиција направивте метеж. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Реџепи, контра реплика има господинот Незири.

**Сафет Незири:** Почитуван колега Даути грешите. Не го бранам ниту поранешниот ректор, ниту сегашниот актуелен ректор. Јас бев јасен и јас ќе бидам јасен и во иднина. Ја спорам методологијата и начинот на пристапот на проблемот на разрешување на поранешниот ректор.

Мојот став беше дека треба да се сочува формата со кој го гледам начинот, како да се реши новиот ректор. Како да се разреши поранешниот ректор. Не сум за да го бранам тој што направил криминал. Тој треба да се приведе и да се осуди, ако навистина и вие сведочите дека згрешил. Но, господине министре не сум против тоа. Законот е добар 70-80%, но овие елементи ќе го подобрат повеќе овој закон.

Мојата цел е со конструктивен аспект да се интервенира во овој закон и сите тие метежи во минатото некој што ги направил, треба да сноси одговорност. Не бранам никого. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање би ги повикал службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да можеме да продолжиме со работа.

Бидејќи во салата се присутни 61 пратеник, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 8 гласаа за, 2 воздржани против 45.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 74 за менување на став 8 поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Агенцијата за еваулација е уште едно независно самостојно тело, чија што независност и самостојност се гарантира во Законот и во старите и во новите верзии со првата реченица од членот 74.

За ваша поблиска информација Агенцијата за еваулација треба да биде контролор на квалитетот на воспоставениот високо образовен процес во секоја јавна и приватна високо образовна институција.

Во досегашниот период, немаше некоја преголема активност на Агенцијата за еваулација, освен во последните три години кога после потпишување на Болоњската декларација се изврши притисок меѓу другото, да се направи екстерна еваулација на квалитетот на високо образовниот процес во јавните универзитети, државните универзитети во Република Македонија. Тогаш беа два. Бидејќи Република Македонија немаше обезбедено средства, а тоа е прилично висока сума, за да се платат надворешни експерти, кои што ќе извршат длабинска контрола на квалитетот на високо образовниот процес. Со помош на Сорос Фондацијата се склучи еден договор во кој што експерти од Европскиот универзитет од Германијиа извршија длабинска екстерна еваулација на двата тогаш постојни државни универзитети.

Резултатите се дадени во една Бела книга во која што, сосема непристрасно, беа дадени оценките каде се наоѓаме во овој момент во делот на реформи на високообразовниот систем и кои препораки се даваат за да се одбегнат сите оние недостатоци. Меѓу другото и се воспостави еден нов систем, дотогаш не познат за Република Македонија, тростепен систем, систем на самоевалуација од страна на високообразовните институции и универзитетот, екстерна евалуација од страна на  надовершни експерти и контрола на овие два процеси од страна на Агенцијата за евалуација. Сега, Агенцијата за евалуација добива на уште поголемо значење.

Почитуван министре, вие самите знаете дека е наложено на овие простори да се формираат регионални центри за евалуација на високообразовните системи на земјите членки на Болоњската декларација во овој регион, заради основано сомневање дека кај некои институционални форми постои тешко нарушување на високообразовниот процес во делот на давање на одредено ниво на квалитет на услуги. Агенцијата за евалуација треба да биде главното институционално тело кое што во рамките на државата треба ова да го спроведе.

Кажете ми зошто има потреба, па макар да ја глумиме и Шветска, Владата да назначи претседател на Агенцијата за евалуација? Дали во тоа се крие намера да се направат одредни процеси на контрола на квалитет на одредени високообразовни институции и со тие оценки, како што се ингеренциите во законот, да му се препорача, значи се доставува тој извештај до Одборот за акредитација, до Министерството до институцијата во која што се вршела евалуацијата и до Владата на Република Македонија која што сега, по член 40 ќе си постапи онака како што сте наложиле да постапи, а во ниту една верзија не беше тоа дефинирано.

Затоа, ние со амандманот предлагаме потполна демократичност на системот во кој што

стручноста и компетентноста треба да дојде до израз. Оваа Агенција е составена од 11 члена од кои 5 члена се од редот на професорите избрани на интеруниверзитетска конференција, 4 члена именува Владата. Овде не стои ни дека се од редот на професорите, ќе најдете експерти, има такви во Владата, кои што немаат контакт со Универзитетот ама имаат желба да се замешаат. Имаат. Кои се нивните пориви за такви желби, времето ќе покаже. Но, очигледно е дека со ова си се заокружува процесот на затворање постепено на кругот.

Дајте еден валиден аргумент зошто ние да не ја глумиме Шветска? Ни една држава во светот нема во која што Владата именува ректори. Во Шветска е Кралство. Милошевиќ, додуше, се обиде и постави еднаш ректор, па универзитетите не можеа да се опоравати наредните десет години или ги почуствуваа последиците од неговото дејствување. Овде во нашиот случај во кој што на големо се крши законот уздуж и попреку, кој каде што ќе стигне и на никој на никому не му одговара, нема потреба овде да се споредуваме ни со Шветска ни со соседните земји кои се далеку подемократични во законите во однос на нашиот. Дајте ги тие за пример, зошто од балканскиот простор другите не тргнале по примерот на Шветска и не ги назначиле овие вака како што вие сте предложиле? Значи, ние сме најдемократични, најсозреани и оваа Влада има чиста визија како сроз да го спакува системот. Па тоа треба да се каже јавно. Треба да се каже јавно и јавно да се превземе одговорноста на свој грб, само не знам каде ќе ве бараме откако ќе ги направите сите проблеми.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски.

Реплика има госпоѓа Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Потпретседателе,

Значи имав многу слични или речиси идентични амандмани со опозицијата. Две недели расправавме, јас на неколку пати дискутирав и видов дека Владата има дефинитивно изграден став по овој закон.

Сега навистина би сакала да го прашам господин Тале Герамитчиоски со која цел сета оваа дискусија, кога се што требаше да се каже е веќе кажано. Да имаше разбирање, да имаше можност за дискусија и ќе продолжевме сите ние кои имавме слични мислења. Но, сега веќе ова ми изгледа сосема беспредметно. Владата не го менува својот став, сметам дека оние што сакаат да слушаат, веќе се слушнаа, што сакаме да кажеме и ова веќе, се извинувам господине Герамитчиоски, преминува во мачење барем за оние кои оваа тема ги интересира. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Јанвевска.

Контра реплика има господинот Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Законот ни го дава правото да се борам за своите ставови политички. Јас дебатирам и давам предлози за да ми биде чиста совеста, да има мирна совест дека ова што се предлага не е добро, ќе има тешки последици, можеби не сум во право, тоа е мое мислење, но статусот кој што сум го добил ми овозможува да ги искажам тие ставови. Кажете ми зошто вие се повлековте? Тоа е ваше право да се повлечете, зошто ми го скратуват мене правото да ги искажам своите ставови да се борам до последен момент.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Збор има госпоѓа Јаневска.

**Весна Јаневска:** Потпретседателе.

Воопшто не планирав да зборувам затоа што сметам дека тоа што сакав да го кажам веќе го кажав. За да нема забуна, нема никаква дилема дека во одредени ставови односно во сите амандмани кои се поднесени за овој закон јас се согласувам. Значи, тоа и сум го кажала, тоа и сум го промовирала овде и сум образложувала не популистички зошто и како. Јас ги повлеков амандманите затоа што не гледам било каква цел понатаму по илјада пати да го повторувам она за што Владата воопшто веќе не сака да дискутира. Значи ставот е тој, мнозинството е тоа и не знам навистина, во ниеден момент не мислам дека било кој од пратениците, та пак ни господин Тале Герамитчиоски треба да се повлече од својата дискусија.

Значи, ми се чини дека не сосема добро ме разбравте господине Герамитчиоски нема веќе смисол било каква понатамошна борба за она што веќе илјада пати го кажавме. Сметам дека го трошиме времето сите ние кои се обидовме да укажеме на она што според нас претставува недостаток на законот, без крајно добронамерна, без злонамерна, но во секој случај ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Јаневска.

За збор се јави господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Јас го почитувам она што го кажа министерот дека станува збор за две различни концепции. Тоа и го увидовме во досегашната дебата и тоа не е спорно. Во двете различни концепции е спорно што тие во последен момент ја смениија концепцијата, значи од декември 2007 до февруар 2008 кога новата верзија излезе, се вметнаа пет, шест нови одредби кои што се инструмент на нова концепција, ама проблемот е што ставија во другите членови одредби од стара концепција кои што се судираат со новата концепција.

Ние се обидуваме прво да укажеме дека имаме колизија во одредени ингеренции и одредби кои се косат сами по себе. Колегата Шутаров кога дебатиравме со него, увидовме значи, на ректорот му давате надлежност да потпишува финансиски документи до одредена сума како орган на управување, а потоа како претседател на Сенатот односно човек кој што управува со

Сенатот до дргуа сума пак. Тоа го нема во ниту еден закон и тоа нема врска со концепцијата.

Второ, за самите амандмани за Одборот за акредитација и Агенцијата за евалуација колешке Јавевска, ние со министерот се договоривме дека овие не навлегуваат во таа нова концепција. Нема врска со концепцијата овде. Овие две тела треба да продолжат да работат онака како што работат. Ако им е концепцијата на политизација, тоа е друга работа. Ама ние, кога разговаравме рековме дека Одборот за акредитација и Агенцијата за евалуација има простор да се договориме или јас сум бил погрешно разбран.

Вие самите ме прашавте кои одредби се спорни. Јас ви ги сугерирав кои одредби се спорни за нас, вие кажавте дека тие три четири одредби за ректорот, за избор на ректорот, за избор на декан, за Сенатот дека тие не отстапувате, дека е тоа друга концепција. Јас тоа го почитувам. Ама Одборот за акредитација и евалуација кои што постоеле во една или друга и во трета концепција Владата да ги именува нив, јас не гледам што е тоа заедничко со таа прва концепција. И, мислев дека имаме некоја флексибилност во тој поглед. Очигледно дека сум се излажал. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Реплика има госпоѓа Валентина Божиновска, повелете.

**Валентина Божиновска:** Благодарам потпретседателе.

Јас нема да се задржам на ова што вие го говорите, но колку што ме држи меморијата почитуван господине Тале Герамитчиоски во ваше време се прослави една непријатна работа која протече во образованието, пак не верувам дека и Владата сака да има шведски заменици министри, но не бевте ни вие таков.

Колку што се сеќавам, лиценците за основното образование ги добија регрутирани членови на СДС. Така беше и тоа беше една афера која не беше благопријатна. Е сега се плаќаат 400 до 500 евра, така? Но, во тој период ни еден на списокот од ВМРО не можеше да биде директор и да добие лиценца. Вие во краток временски период тоа го направивте и тоа беше, извинете, така наречена политизација во образованието.

Значи, да не говориме, дајте да се задржиме за критериумите зошто и како?

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Божиновска.

Контрареплика има господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Госпоѓо Божиновска.

Ако ви докажам дека не е вака, јавно ќе се извините од оваа говорница?

Прво, тој процес го спроведуваше УСАИД, не е точно, сумите, средствата за обука беа нивни и тие го направија списокот на постојниот кадар кој што беше во училиштата. А јас ќе ви докажам дека имаше и други вклучено кои припаѓаа на ВМРО-ДПМНЕ, а ја поседуваа таа школа.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски.

Збор има господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Која е црвената линија на одредени пратеници, можеби ќе ја дознаеме во иднина. Ај што ги повлекуваат амандманите што ги имаат дадено, кои се исти со амандманот што ги имаме јас и господинот Герамитчиевски, уште и згора на тоа треба да си одговараме за тоа што сме го дале амандманот, што бил ист, ама тие го повлекле од некои други фрагматични причини и плус ни збрануваат да зборуваме за нашиот амандман и плус не убедуваат сега за СДСМ што правеле во минатото.

Мислам, дај да се вратиме на темата за Законот за високо образование и молам потпретседателе да ми дозволете да зборувам за амандманот.

Амандманот кој што е поднесен, а повлечен од колешката Весна Јаневска сакам заради јавноста да кажам дека никој нема овде чаробна кугла да знае како во иднина ќе биде одговорот на министерот. И да знае дека во среда треба да го повлече амандманот што ќе биде на дебата во понеделник бидејќи министерот тоа ќе го одбие. Ние немаме таква информација, тоа е привилегија на парламентарното мнозинство и на квази независните пратеници што го подржуваат парламентарното мнозинство и Владата на Никола Груевски. Ние, бидејќи немаме такви информации, немаме тарот карти можеби имаат тие, не знаеме, што е судбината на амандманите после десет дена. И затоа, дозволете барем ние што сме го поднеле амандманот да си го образложиме и да се обидеме да го одбраниме. Агенцијата за евалувација во членот 74 е дефинирана како самостојно тело. Ама тоа е заради европскиот призвук, или европскиот вкус на законот.

Ама кога треба таа да ја имплементираме Владата си решила или одлучила дека претседателот на Агенцијата за евулација го именува Владата на Република Македонија. И затоа ние даваме амандман да претседателот на Агенцијата за евалуација го избираат од својот ред самите членови на Агенцијата. Бидејќи таа е составена од 11 члена од кои 5 члена се од редот на професорите кои ги избира интеруниверзитетската конференција, 4 члена именува Владата, 1 член избира најрепрезентативната организација на работодавците и 1 член интеруниверзитескиот парламент на студентите, Владата се плаши дека ќе биде во малцинство во оваа Агенција за евалуација и за да си се обезбеди, поставува во членот 74 став исклучиво политички да претседателот на Агенцијата го именува Владата.

И тоа од аспект на автономија на Универзитетот им било или им сметало или и посметало и на колешката Весна Јаневска која го дала истиот

овој амандман. Го дала пред две недели. Ама знаела дека Владата ќе остане на исти позиции. Ние, бидејќи не знаеме Владата на кои позиции ќе остане, бидејќи своите ставови ги менува во зависност од тоа како дува ветерот, тоа го гледаме и од последните настани, ние се обидуваме парламентарното мнозинство сега да го убедиме, кое што не гледам дека тука е во мнозинство и дека е во целобројна, од аспект на политички партии, тука пристуно, да укажеме дека оваа работа е лоша, дека оваа работа ќе направи проблеми во практичната имплементација, затоа што се коси со ставот 6 од истиот тој член, дека членовите на Агенцијата за евалуација се независни и самостојни во нејзината работа, дека се коси со членот 1 со самата дефиниција дека е тоа самостојно тело и таквиот политички упад со претседателот именуван од Владата ќе се рефлектира на надлежностите на Агенцијата за евалуација дефинирани во членот 75. А тоа е дека Агенцијата за евалуација има таква моќ да, врз основа на извештаите на комисиите за самоевалуација и за надворешна евалуација на високообразовните установи, го следи и оценува квалитетот на вршењето на дејноста на високообразовните установи на кои им е дадена акредитација и одобрение за вршење на високообразовна дејност.

Најмногу на секои 5 години го следи и оценува квалитетот на вршењето на високообразовната дејност или крајот, врши други работи утврдени со овој закон, нормално тоа, и Агенцијата за евалуација објавува извештај за резултатите од надворешната евалуација кој го доставува до Владата, Министерството надоврешно за работите на високото образование, Одборот за акредитација.

Во такви услови, се плашиме или сме загрижени дека Владата преку својот претседател на Агенцијата за евалуација ќе се обиде хипотетички да направи притисок врз одредени високо образовни установи. И тоа е целиот проблем на овој закон.

Законот во 90% е усогласен со сите препораки, за жал, на Влада е дадена лична нишка која има за цел да се пресмета со одредени факултети во Република Македонија пред се на Универзитетот Св. Кирил и Методиј, за тоа досега доста зборувавме не сакам да се повторувам.

Илузорно е да во членот 1 дефинираме дека Агенцијата за евалуација е самостојно тело, а да тоа самостојно тело за претседател ќе биде именуван од Владата на Република Македонија. Секако не само што ќе го именува претседателот на Агенцијата, туку тој потоа, како претседател на Агнецијата, ја претставува и застапува Агенцијата надвор од форматот во кој што е дефинирана. Така, ќе ни се случи да 4-те члена од Владата кои се во малцинство, Владата си избере еден од нив кој ќе биде претседател на Агенцијата за евалуација кој ќе ги застапува, а ниту по стручност, ниту по професионалност, ниту по инволвираност во досегашната негова кариера ќе биде, можеби, на приближно ниво на, да речеме, петте члена од редот на професорите кои ќе бидат избрани од интеруниверзитетската конференција.

**Бесим Догани:** Господине Макрадули, бидејќи е 18.00 часот, јас сакам да ве запрашам дали ќе завршите или ќе оставите за утре?

**Јани Макрадули:** Ќе продолжам утре.

**Бесим Догани:** Во ред.

Тука ја прекинувам денешната седница. Продолжуваме со истата 98-ма седница утре во 11.00 часот.

Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)